СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седмото продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 мај 1994 година

Скопје, мај 1994 година

**ДИСКУТАНТИ ОД 7-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 75-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ОДРЖАНА НА 31 МАЈ 1994 година**

1. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 26, 30
2. АРСОВ ДРАГИ – 35, 36
3. АБДИ ФАИК – 66, 111
4. АНДОВ СТОЈАН - 76
5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 4
6. БОШКОВ ЈОРДАН - 1
7. ГОШЕВ ПЕТАР - 48
8. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО – 40, 46
9. ДАВЧЕВ САНДЕ - 64
10. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО – 105, 106
11. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО – 52, 90, 98
12. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 71, 73
13. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ – 13, 15, 16, 84. 88
14. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 57
15. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 61
16. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 83
17. ПРЕВАЛА ШАБАН - 22
18. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР – 101, 104
19. ПОПОВСКИ ДИМИТАР – 79, 81, 111
20. ПЕТТРОВ ТОДОР – 91, 99, 101
21. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 96, 100
22. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 88
23. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 17, 21, 112, 114
24. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 32, 115, 109, 110
25. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 107
26. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 107
27. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН – 7, 9, 10
28. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 81

Т.4: Предлог на одлука за разрешување и именување на генерален директор на радиодифузното претпријатие Македонска радио телевизија – Мелпомени Корнети и Тихомир Илиевски

крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седмото продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 мај 1994 година

Седницата започна со работа во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Љубосав Иванов и Зоран Крстевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува,

Минуваме на **точката 4** - Предлог на одлука за разрешување и именување на генерален директор на радиодифузното претпријатие Македонска радио телевизија,

Предлогот на одлуката, мислењето на работничкиот совет на радиодифузното претпријатие Македонска радио телевизија и дописот на пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ ви се поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа предложената одлука за мене е спорна од повеќе аспекти. На страна што тоа процедурата не е подмирена, овој пат имаме и непочитување на обични традиции во демократијата. Политиката да си дозволи на вака флагрантен начин да се вмешува во решенијата кои

постојат или кои се донесуваат во медиите е сосема неупатно. Само сакам да ве потсетам дека токму од страна на коалицијата пред година - две беше децидно заговарано никакво имплементирање на политичките структури во медиите. Сега откако е проценето дека можно е да се владее се обидуваме и овој простор да го покриеме. Слично на тоа како што веќе се покри на пример секторот на урбанизмот, место што е интересантно за локалната власт, овдека по предлог на Владата вие си дозволивте да го усвоите и тој став, поточно закон сите станови и деловни простори се на располагање на Владата. По ова ќе излезе дека и медиската куќа, Македонската радио телевизија исто така ќе биде на располагање на овие кои владеат. Сосем неадекватно, сосем контрапродуктивно, сосем поразно за демократијата. Само сакам да ве потсетам дека 1991 година месец мај се држеше на 9 и 10 мај единаесетта седница на овој Парламент. Точката беше преименување на називот на радиодифузната куќа, од радио телевизија Скопје во Македонска радио телевизија.

Дами и господа, јас го имам тука стенограмот, не мора да го прочитате, но ќе го приложам во мојата дискусија за да остане белег. (Го приложува стенограмот). Само ќе ве потсетам дека на таа точка ценети господа, посебно сега од Либералната Партија, тогаш не се викаше така, никој не зеде збор, но гласавте за преименувањето. Од ПДП имаше четворица дискутанти од кои сите покренаа куќата да го носи тоа име. Стои тука запишано. Од Социјалдемократскиот сојуз, како и обично никој, остана борбата да ја водат претставници од национално определените сили. Демек од ВМРО-ДПМНЕ и господинот Петров. Не е битно, битно е тоа што за таа одлука пратениците од ПДП не гласаа, а слушаме што се ќе има после донесувањето на директор во куќата на Македонската радио телевизија. Исто така сакам да кажам дека има искуства во новите

демократии и со медиите, овие искуства до нас се пренесуваат од различни соговорници, сериозни претставници. Онаму каде што се обидува Парламентот да наметнува своја политичка опција во масовните медии, тоа влече за државата негативни последици и таа држава после оди на тапет на меѓународен план. Не е во функција сега да именувам, или да набројувам каде тоа се се случува нормално во Европа пошироко немаме информации, но оваа ваша волја за жал лесно ќе премине и во диктатура. Со оглед на тоа што во целост не се согласувам со предлогот, а да се симне точката од дневен ред кај вас нема кураж, јас ќе ја завршам мојата дискусија и напоменувам дека немам желба да присуствувам понатаму на седницата.

(Приложува извадок од стенограмот од седницата од 9 и 10 мај 1991 година).

(ПРИЛОГ)

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ова прашање само по себе повлекува потреба да се објасни амбиентот во сферата на информирањето, поточно се она што е во врска со информативниот простор во Македонија, бидејќи и она за што денеска дискутираме околу Македонската радио телевизија тоа е неделиво и од другите состојби и од другите субјекти кои што учествуваат во тој систем.

Ако во Македонската телевизија која што е најатрактивен медиум кој што и најповеќе може да влијае на јавното мнение се случуваат такви работи, какви што се случуваат особено во последниве денови, тогаш мене ми се чини дека премногу површно и на едноставен начин сакаме да пристапиме кон решавање на едно прашање кое што не му даваме доволно значење за она што може да предизвика негативни последици, не само во односите на оние кои што учествуваат во информативниот простор, туку да се одрази и на процесите во македонската држава.

Ако Македонската телевизија во последно време и при најгруби повреди на она што е професионално новинарство, не дозволува никакви деманти, ако таа уште сега партиски се одредува и ги штити интересите, поточно ги погодува интересите на оние кои што треба да дојдат, тогаш веќе може да зборуваме за многу сериозна ситуација. Сакам само за илустрација да кажам дека во последниве седум дена ние во комуникација со македонската јавност преку Македонската телевизија имавме на три пати ситуација во која што оваа куќа покажа крајна непринципиелност. Најпрвин, не пренесе на јавноста реагирање за погрешно интерпретирање на дел од мојата расправа овде во македонскиот Парламент, не пренесе автентично една прес конференција и демант за да кулминација достигне таквото однесување на оваа куќа пред два дена кога за сопствени финансиски средства по комерцијалниот програм нарачавме емитување на наше партиско

соопштение за најава на трибина. Ни беше кажано дека до ударниот дневник во 19,30 часот постои одлука дека нема да се прифаќа емитирање за ниту една политичка партија. Вчера веднаш оваа куќа се демантираше, непосрендо пред 19,30 часот, го емитуваше соопштението на Либералната партија. Иако кажав дека сите овие инциденти кои беа во врска со Либералната партија и отворената наклонетост на оваа куќа во врска со оваа партија, или нејзиниот лидер, тогаш нештата стануваат појасни. Да не зборувам што во изминатиот период сите комуникации, колку што имам сознанија други политички партии во недозволив степен се редуцирани, извртувани, на еден начин цензурирани. Крајно време е на Македонската телевизија да и се посвети поголемо внимание, од она што денес сакаме да го дискутираме како прашање за кадровско решавање на проблемот за водење на таа куќа.

А сега поконкретно околу она што е поставено на дневен ред. Точно е дека аргументот на политичките партии, во случајот и на заинтересираната партија, Либералната партија, мора да се прифати. Во парламентарната демократија навистина сите јавни служби кои се сервис на граѓаните би требало да бидат раководени од Владата, која што е исто така сервис на граѓаните. Да, но, и тоа но има големо значење за разликите на она што значи парламентарна демократија во Македонија. Во што е разликата меѓу нас и парламентарните демократии на кои што една политичка партија или коалицијата во целина се повикува. Неморалот на мнозинството да доаѓа до израз, да врши насилство врз политичкото малцинство, затоа што немаме закон за Македонската радио телевизија, затоа што немаме закон за радио дифузијата и информирање. Во тој закон сигурно ќе беа прецизирани правата на мнозинството доколку беше навремено донесен, но ќе беа вградени и механизми за заштита на политичкото малцинство, од теророт на мнозинството. Доколку таков закон нема, а знаеме дека таму

еден член, член 30 е основен од тој неуставен закон и токму на него се вршат овие манипулации, колку и да е бројно мнозинството таквото право е нелегитимно и практично денес ќе се усвои со сила. На одговорноста при нашето одлучување не обврзува и она што е регулирано во Уставот, каде што е заштитено јавното мислење, односно јавноста да биде информирана за се. Токму на ова се појавуваат и сомневањата дали и доколку еден директор како генерален директор биде поставен со изјава дека ќе биде деполитизиран, тој навистина нема да ги застапува партиските интереси. И што е особено битно, дали помалку тешка битка во донесувањето на решение по ова прашање нема да предизвика многу понегативни импликации, отколку ако тоа одеше по една вообичаена природна постапка, ако одеше по еден законски логичен редослед.

Инаку во принцип се залагам Македонската радио телевизија да биде раководена од стручњаци од областа на радио дифузијата и информирањето. Се плашам да се изјаснам во врска со предложениот кандидат на работничкиот совет за да не му направам лоша услуга, бидејќи очигледно во валканите политички игри, само се чека моментот некоја политичка партија, која што од чисто принципиелни побуди би сакала да застане зад кандидатот кој што работниот колектив го предложил, на тој начин би створила можност за нови политички манипулации овде во Парламентот и обвинувања. Да не зборувам за тоа што значи донесувањето на одлука во која што учествува ПДП и НДП на сосема мирен начин, тоа значи дека веќе и договорот е постигнат. Сега е јасно зошто и по две влади и по три ипол години мандат на овој Парламент законот за радио дифузија и информирање на овој Парламент не е донесен. Сега треба при крајот на нашиот мандат да се искористи позицијата на владеење и во информативните куќи да се испраќаат политички емисари претставници на партиите. А само да ве потсетам дека токму тие што тоа денес сакаат да го направат

I/7.-

превентивно веднаш по првите избори, со помош на средствата за јавно информирање создаваа амбиент во јавноста дека најбројната тогаш политичка партија со пратеници во Парламентот би можела да го направи тоа што се правеше во средствата за информирање во Хрватска и Словенија. Тогаш јавноста се ориентираше против политички раководства во средствата за јавно информирање. Јас и не знам дали постојат аргументи и колку да се тие јаки што би можеле денес да не поколебаат во однапред донесена одлука но сметав дека заради вистината секој од нас треба да се искаже онака како што го гледа тој проблем. Сметам дека најдобро решение ако воопшто може за добри решенија да се зборува би било да се остави статус кво ситуација во Македонската радио телевизија, најпрво да се донесе законот за радиодифузија и информирање, да не се избрзува пред изборите, да не се компромитира македонската држава, бидејќи ќе бидеме принудени политичките субјекти кои се чувствуваме загрозени од ова кадровско решение и покрај лојалноста за оваа македонска држава да бараме поддршка во разговори со меѓународните институции кои се задолжени за следење на демократските процеси во светот. Верувам дека нема да ме принудите да имаме чувство за некоја одговорност за која што нема да бидеме криви.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ;**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Уште од почетокот дозволете ми да соопштам дека во парламентарната група на ПДП и НДП веќе е изграден став кој треба да биде кандидат за генерален директор на радио телевизијата на Македонија. Станува збор за кандидатката Мелпомени Корнети и јас стојам зад овој предлог на Комисијата за избор и именување. Меѓутоа, по овој повод би сакал да се задржам на некои аспекти врзани со местото и улогата на радиот теле-визија на Македонија во современите услови на делување политичко,

образовно, економско и друго. На дневен ред на седницата на Собранието денес ни е точката Предлог - одлука за разрешување и именување на генерален директор на Македонската радио телевизија. Радиото и телевизијата на Македонија две најмоќни јавни електронски медиуми на државата се исправени пред сериозна опасност да потпаднат под партиско влијание. Собранието на Република Македонија како основач на радиото и телевизијата треба да и помогне на оваа важна медиумска куќа да застане не нозе. Радиото и телевизијата на Македонија досега требаше неопходно да се трансформира. Трансформацијата не е ниту почната, а за некаква негова сообразност со промените на општествените односи во нашава држава и да не говориме, по се изгледа дека повеќе од беглото водење на сметка за ова, говори дека станува збор за практично изнуден избор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Не оспорувајќи ги високите квалитети на луѓето чии имиња кружат низ собраниските комисии, сериозноста на ситуацијата налага јавни одговори на повеќе принципиелни прашања, посебно оние од Радио-телевизијата на Македонија - зошто во нив нема конзистентно и систематско изнесување на сите битни моменти од работата на оваа наша највлијателна новинарска куќа. Зошто не достасуваат основните контури за визија на идното устројство на радио -телевизијата на Македонија и нејзиниот однос со основачот Собранието на Република Македонија.

За радио-телевизијата на Македонија досега изгледа најбитно прашање беше да државата да се принуди за финансиска интервенција. Оваа информативна куќа не се борела пред се за сопствени извори на финансирање на дејноста. Таа куќа, освен тоа што изнесуваше некакви маргинални и неаргументирани оценки, ја нема на пример сликата за тоа зошто опаѓа бројот на редовните претплатници. Сигурно господа пратеници главната причина не е во дејствувањето на политичките партии и во економско - социјалните односи во кои живееме.

Оттука и прашањето зошто нема вистинска слика за мислењето на граѓаните за програмските зафати на сите производни единици на радио-телевизијата на Македонија, за нејзината програмска и уредувачка политика. Зошто не се анализираат податоците за довербата на граѓаните спрема радио-телевизијата на Македонија, што не одамна беа предочени во истражувањето на Голуповиот институт. Дали во оваа најголемо информативно куќа нема ниту еден единствен човек, не партиска личност кој професионално може да одговори на задачите што

произлегуваат од работното место генерален директор? Дали со ваквиот начин на назначување генерален директор, со мешање во уредувачката политика на јавните медиуми политичките партии не се согласуваат од нивните програмски определби да се избришат јасните ставови дека се залагаат за слободно и независно новинарство?

Во денешнава расправа зошто сите партии во Парламентот не застанат во одбрана на независноста на медиумите, туку сите сме исклучиво подготвени да расправа околу личностите кои би требало да дојдат на раководните позиции во јавните гласила...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Со оваков чин ја легализираме практиката која партија ќе дојде на власт да назначува директори и уредници во медиумите и да раководи со уредувачката политика след партиските интереси.

Зошто јас морам да молчам кога политичката партија на која јас и припаѓам нема да се согласи од својата програма да се избрише определбата за независно и слободно новинарство, за новинарство без контрола и притисоци? Тоа е основен предуслов за развој на демократијата. Не сакам таа партиска програмска определба да е само декларативна определба. Ред во медиумите не може да се заведе по сопствен партиски вкус поставувајќи свои луѓе. Ако евентуално така се постапува, тогаш партиските програмски определби се само фарса. Тогаш, се разбира, тоа не значи ништо друго освен збогум независно и објективно новинарство.

пред се, зошто сум за избор на непартиска општо позната и прифатлива личност на чело на радиото и телевизијата на Македонија:

Прво што не враќа во минатите времиња кога единствената партија преку Социјалистичкиот сојуз назначуваше директори и главни уредници и , мора да се признае, тоа поготово во последната декада односно од 1981 година кога секој директор, секој уредник на радио-телевизија на Македонија мислеше дека знае се, дека за се може да расправа и уредува дури и за најчувствителните теми. Немаат кочници во своите уредувачки рубрики и емисии колку пати да го повторуваат албанскиот национализам, албанскиот сепаратизам, албансскиот шовинизам, албанизација и косовизација на Македонија и друго. Додека егеизација на западниот дел на Македонија никаде баш не е спомната.

Што беше целта на таа политика? Што се се сакаше да се постигне? Уредниците на тие емисии барем еднаш јавно да го осудеа македонскиот шовинизам направен спрема албанците, турците, муслиманите, барем на една вест на една радио и телевизиска емисија, туку напротив, ќе редеа емисии на тема Иселување на македонскиот етнос од Западна Македонија под притисок на албанците, турцит еи муслиманите, додека вистината ја молчат. За жал, се молчи за насилното иселување од Македонија на албанците, турците и муслиманите во Турција и во преку океанските земји. На овие граѓани им е одземена државноста и не смеат да се вратат во својата земја што не е постапено исто и со другите славјански емигранти.

Располагам со документи од кои се гледа дека во Македонија се продолжува со процес на меко етничко чистење. За се ова беа криви послушните директори и уредници на радио-телевизијата на Македонија,

наречени политички комесари.

Второ, радио и телевизиските уредници именувани од еднопартискиот систем по свој вкус, за да постигнат определена цел, често пати организираа емисии со некои квази историчари, квази етнолози, квази демографи, политичари кои не спијат само да знаат до каде се протегаат етничките граници на овој или оној народ,кои се создадени историски ќелии на оваа или онаа држава, која е колевката на овој или оној народ, каде е погребан оној владар или оној светец, која битка ја спасила Европа, која средновековна црква е изградена, каде и од кого, вака до бескрај.

Во колку во Македонија на друго место има една православна црква од средниот век, на Балканот има многу монументи на една длабока и стара историја со еден идентитет значително поголем, какви што се тие на Илирите.

Трето, 5 месеци сме пред вторите повеќе партиски избори, а се одлучува да стават рака врз радиото и телевизијата на Македонија, назначувајќи за генерален директор по партиски вкус надвор од работниот колектив. На повидок е своевидна закана врз слободата на новинарството и воопшто врз демократските процеси во Републиката.

Радиото и телевизијата на Македонија работи во плуралистички услови, затоа што во нејзината основна дејност се вклучени и треба да бидат вклучени програми наменети за сите националности во оваа држава.

И, да заклучам, само со непартиска личност во радиото и телевизијата на Македонија, која во таа смила и ќе го состави тимот на

своите соработници, ќе бидат обезбедени претпоставките за толку потребното непартиско и независно дејствување на радио-телевизијата на Македонија. На тој начин радио-телевизијата на Македонија ќе биде во функција на интересите на државата и ќе може да ја остварува преку своите програми рамноправноста на сите граѓани во република Македонија. Ќе биде стимулатор на еднакво третирање на проблемите и потребите на сите граѓани и националности во нашата национална и мултикултурна државна заедница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стојков.

Ве молам, господинот Луловски сака нешто процедурално.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Прво, сакам да протестирам на начинот како претседателот и претседавачот ја води седницата, претседателот Стојан Андов, веќе настапот на претходниот дискутант, со општото нереагирање и начинот како , веројатно и спиел кога зборувал.

Зошто го кажувам тоа дека спиел претседателот? Протестот не се однесува само од мојата страна. На неколку наврати Македонската - радио телевизија е спомната под друго име. И тоа неколкупати.

Второ, една од најбитните работи кажана од дискутантот што може да предизвика понатаму несогласување и може последиците ќе бидат многу поголеми. Затоа, апелирам до претседателот, претседавачот,на сегашниот тек на седницава, до претседателот лично да се огради, како успеа да се огради од моите дискусии минатиот пат.

Повторувам, тоа што го изнесе претходниот дискутант, цитирам: "се зборува за косовизација на Западна Македонија, а не се зборува за егеизација на Македонија".

II/6.-

Видете, што се наметнува на оваа говорница, а без, со ниедна реченица, претседавачот да реагира.

Барам лично од претседателот, од претседателот Стојан Андов, начинот на кој се изнесе претходниот дискутант, ако не само јас да се оградувам ги барам и сите оние кои се чувствуваат, ако веќе се чувствуваат дека се македонци, од вакви дискусии на оваа говорница да не се импонираат. Западна Македонија, господа, претходниот дискутант, ако за Вас постои Западна Македонија, за мене како пратеник и како пратеник на Република Македонија не постои Западна Македонија. Ако за претседавачот постои, најмалку за некој друг овде би постоела Западна Македонија и за Косово и за некои други, наречени егеизација.

Процесот на егеизација на Западна Македонија, според вашите реченици не е туку така спомнато од оваа говорница сега при крајот на предизборната и зацврстување на коалицијата.

Уште еднаш апелирам до претседавачот лично да се огради, ако нема сила и снага, пратеничката група на Либералната партија чиј претставник е да импонира на вакви реченици, егеизацијата и косовозацијата апсолутно не се идентични. Ако за коалиционите партии.

постои некоја Западна Македонија, дозволете ми уште еднаш да Ви повторам, за мене не постои Западна Македонија. Постои еден дел од , западниот дел на Македонија, тоа веројатно припаѓа на една Преспа, преспанскиот дел. Тука, ако Вие сакате понатаму да ја крстите и да ја делите Македонија со нови поими Западна и Источна Македонија, чувајте си го за Вас, бранете ја и понатаму Вашата теза.

Уште еднаш протестирам против настапот и нереагирањето на претседавачот на оваа седница.

II/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Треба да продолжиме со работа, јас Ве молам, овде се искажуваат различни политички ставови, интервенирам само кога се повредува Уставот, а се друго е политички став за што одговара некој сам. А, тоа дали има Западна и Источна Македонија отворете ги весниците ќе кажете дека има и Западна и Источна и централна и така натака.

А, Ве молам, што се однесува до косовизација и егеизација, тие работи се едноставно политички искажувања на господинот Харуни. Тоа воопшто мене не ме обврзува ниту да се согласувам со него ниту ништо. Јас само си ја водам седницата и ништо натаму.

(Пратеникот Коле Луловски се упатува кон говорницата и бара збор).

Само терајте си Вие, седнете си таму.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Јас сигурно не би реагирал ако односот Ваш би бил на еднаква дистанца, што се вели , а не некое растојание или еквидистанца кон сите партии. Кога ќе зборува некој од опозицијата Вие и те како реагирате и се оградувате од настапите на опозицијата.

Земете го мојот пример кога нон стоп ме прекинувавте во моето излагање на една од претходните седници...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, господине Луловски...

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

А, сега наводно било тоа ...

II/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега треба да си одите од говорницата бидејќи кажавте се што сакавте...

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

... било тоа политички настап на некој си. Ве молам јас барам да се оградите ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одете си од говорницата. Одете си од говорницата господине Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господине претседателе јас се чувствувам навреден од начинот како настапи претходниот дискутант.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одете си од говорницата сега...

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ.**

Ве молам, не е работа да си одиме од говорницата...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, одете си од говорницата.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

И ќе си одам:

(Реакции од редовите на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, до сега, се разбира јас ниту од кого не сум се оградил. Ни од кого сам не сум се оградил. Не, не сум се оградил.

Само сум укажал на некои одредени, овде станувашe збор господинот Луловски зборуваше овде дека овде немало бугарска окупација. Ве молам, немојте Ве молам.

Одиме понатаму.

Има збор господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, на почетокот да кажам дека сум против тоа денеска со одлука да се разрешува и избира нов генерален директор на Македонската –радио -телевизија. Повторувам, Македонската - радио-телевизија. Зошто го потенцирам ова?

Пред малку бевме сведоци овде дека еден пратеник од ПДП Македонската -радио телевизија, дали толку ја мрази, не  знам или македонската држава толку ја мрази, не сакаше ни името правилно да и го изговори. Односно, цело време употребуваше радио-телевизијата на Македонија што е не соодветно име. Знаеме ние дека го поддржавме името "Македонска -радио телевизија" токму од ова Собрани

Зошто сум против денеска да се избира односно разрешува генерален директор на Македонската -радио телевизија:

Прво, свесни сме дека во република Македонија имаме, така да кажам, една масовна појава, а тоа е поделба на функциите по партиска линија. Наместо да имаме една департизација, нарочно во подрачните единици ние имаме масовно да се одредени партиски челници примаат на такви функционерски места. Да го спомнам само Гостивар и тетово односно разрешување на департизираните и деполитизираните функционери кои се македонци и на нивно место се поставуваат луѓе од ПДП, партиски определени. Тоа го имате масовно сега, спомнав во Гостивар и во Тетово во Министерството за внатрешни работи односно

II/10.-

во Министерството за Народна одбрана. Тоа за мене е преседан. Каде е тука безбедноста на Република Македонија, само јавноста нека процени.

Второ, функцијата на МРТ за мене пред се треба да биде национална. Но, од оној аспект национална кој јас го разбирам како национална т.е. треба да се има во таа телевизија еден македонски патриотски дух. За жал, за жал, ќе кажам тој македонски патриотски дух и досега го немаше доволно во оваа МРТ, односно можам одговорно овде да кажам, претходниот директор, пред овој сега што треба да го разрешиме денеска, иако во таа МРТ го нарекуваат дури и Пиноче, се извинувам на човекот, меѓутоа за мене тој човек многу стори околу македонската кауза. Еден репетитор само кај Струмица што го постави таму да можат нашите барања во Пиринска Македонија и во Беломорска Македонија да ги следат програмите на МРТ. Тоа за мене е патриотски дух иако беше во времето на едноумието од кое сега, односно од тие луѓе кои беа патриоти , Вие како наследници на таа комунистичка партија сега се откажувате.

Овде се спомна македонски шовинизам. Господа, македонски шовинизам во сопствена држава не постои. Вие видовте дека не постои. Ние бевме обвинувани дека сме дури и неофашисти, исто така од еден пратеник на ПДП. Сега се обвинија некои дописници на МРТ од Гостивар и од Тетово дека се македонски шовинисти. Шовинизам овде, во оваа држава постои од одредени челници на ПДП. Тоа е доказ со формирањето на албанската паравојска. Еве и после шест месеци оваа власт, за да се одржи со тој прикриен тоталитаризам се уште тие луѓе не ги изведоа пред суд што е најнормално во една правна нормална држава. За жал, тоа го немаме.

Трето, случувањата во МРТ, целата јавност е сведок дека одредени моќници во таа МРТ, повеќето пејачи, така да кажам популарни

II/11.-

кај нас, популарни кај народот и навикнат е народот да ги слуша со таа нивна прекрасна песна, на некој начин се отстранети. Зошто? Тоа е прашање од национален интерес, господа. Можеби некој ќе се насмее на ова, меѓутоа за мене тоа е прашање од национален интерес. Преку песната некогаш се шири македонскиот национален дух, македонскиот патриотизам кој за жал, полека, полека оваа коалициона Влада сака на некој начин да го уништи.

Финансирањето на МРТ за мене е пред се битно прашање. Во вакви услови , во услови кога сега се финансира МРТ на неуставен начин, да повторам не сум против МРТ, меѓутоа целата македонска јавнсот треба да знае дека сегашното прибирање средства е неуставно. Уставниот суд уште на 15 ноември 1993 година донесе оценка дека начинот на прибирањето на РТВ претплатата е неуставен. Граѓаните за жал, тука и судската власт малку учествува, за мене неразбирливо затоа што тоа носи импликации да не се верува пред се на судската валсот во РМ, меѓутоа да не и се верува и на МРТ што е многу опасна теза, да речеме ако така се продолжи во МРТ. Луѓето со судски одлуки, преку платите што ги добиваат, преку пензиите што ги добиваат итн., инвалиднините им се одбива како не платиле за РТВ претплатата. Некој ќе каже дека треба да бидеме конструктивни. Затоа ние од опозицијата и сме конструктивни некогаш. Нудиме алтернативни решенија. За жал, претходно требаше тие алтернативни решенија да бидат разгледувани во ова Собрание. Само да потсетам дека заедно со господинот Стефковски имаме еден проект односно во прва фаза Предлог аз донесување на закон за институции за јавно информирање каде нудиме алтернативно решение за начинот на прибирањето на РТВ претплатата што е од голема важност како за МРТ така и за граѓаните на РМ. Пред се, не може еден стечаен работник или еден невработен да биде обврзан да плаќа јавна давачка, како што донесе одлука дека е тоа јавна давачка Уставниот суд,а МРТ такви луѓе да прибира таква јавна давачка. Тоа е

нонсенс. Во ниту една држава која себе си се смета за правна и демократска и т.н. на тој начин јавните давачки не се прибираат. За жал, таквото алтернативно решение од овој Парламент е на 74-та седница, меѓутоа претходно требаше, иако е во процедура некаде 6 месеци.

Овој Парламент односно коалицијата во овој Парламент пред се се нема слух да се донесат тие закони. Ние денеска односно Вие денеска треба да изберете генерален директор на МРТ согласно прописите во еден член што го има од Законот за јавно информирање од 1974 година каде што меѓу другото се вели да е определен за самоуправниот социјализам, да е приврзаник и доследен и да го чува братството и единството, безбедност ана СФРЈ итн. итн.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение)

По тие критериуми вие сега терба да бирате генерален директор во Македонската радио телевизија. Тоа се прашања господа на кој што не стигна ова Собрание да одговори, самото да донесе такви. закони кои што на некој начин ќе беа предуслов денеска навистина да избереме генерален директор. Да не навлегувам во партиската припадност на предложениот кандидат, сто насто се знае дека е од Либералната партија, што за жал, исто така, имплицира некое учество во поделбата на тие функции итн. Односно да не се лажеме дека независно новинарство и сл. зашто сите на некој начин политички се определени или се аполитични. Меѓутоа, независно новинарство ми е потешко да прифатам дека има. Просто овде не се створија механизми, политичките субјекти кои се заинтересирани за медиумите да се договорат на кој начин ќе бидат претставени во тие медиуми, особено пред МРТ односно МТВ, кога сме во една изборна година. Ова е изборна година и не е сеедно, на некого можеби му е сеедно, мене не ми е сеедно дали тие избори што доаѓаат во ноември ќе бидат во Европската унија и од целиот демократски свет прогласени дека се легитимни. Тоа е многу битно за иднината на оваа држава. Во овој случај ние меѓусебно ќе се обвинуваме дека имаме партиски човек во тој најмоќен медиум и што ќе се случи? Тој што ќе изгуби на изборите, да ги обвинува другите дека биле недемократски. Тоа треба да го очекувате. Тоа воопшто не треба да ве изненади. Затоа би апелирал до вас, денеска да не се разрешува и избира нов генерален директор на МРТВ , претходно да се донесат , ако треба ова Собрание и сабота и недела ќе работи, да не се залажуваме дека не можеме да работиме. Можеме да работиме ако се има волја односно во тоа е и конструктивноста на опозицијата кога предлага вакви решенија.

III/2

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Шабан Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство почитувани пратеници, дозволете ми најпрвин да констатирам дека како со трансформацијата на МРТВ така и со разрешувањето на стариот и со изборот на нов генерален директор на оваа куќа, многу се доцни што секако има последици врз работењето на натамошниот развој на ова радио -дифузно претпријатие.

Кога потсетувам на трансформацијата не мислам на сопственичката трансформација што е регулирана со посебен закон, и што не се однесува на претпријатијата од ваков карактер, туку на сообразувањето на работата на МРТВ со новите политички и економски услови. За љубов на вистината морам да потсетам дека своевремено добивме еден концепт за трансформација на оваа куќа но тој не дојде на ред за расправа поради фактот што ни од далеку не одговараше на реалните потреби.

Инаку работното место генерален директор на МРТВ, навистина, е мошне важно и би рекол одговорна функција. Тоа произлегува од фактот што станува збор за раководител да дел од посебната власт на РМ на што накусо ќе потсетам во оваа пригода. Според новиот Устав на РМ издеференцирани се три вида на власт. Нив ги знаете, не би ги повторувал. Меѓутоа, покрај уставните видови на власт, во практиката имаме уште монетарна власт во лицето на Народната банка на Македонија и информативна власт во лицето на новинско издавачите куќи и на радиото и телевизијата воопшто.

Јас по овој повод ќе се задржал на оваа,, последнава и тоа толку колку што е релевантно по повод расправата за избор на нов генерален директор на МРТВ. Радиото и телевизијата се еден од најважните делови од таканаречената информативна власт, што во практиката се покажала како главна претходница на многу настани во светот,

Тоа во голема мера зависи од првиот човек, генералниот директор Токму поради тоа на поставувањето и развојот на овој медиум, кај нас треба да се посвети сериозно внимание. Ние токму, денеска треба да избереме нов генерален директор на оваа важна институција, врз основа на предлогот на комисијата за избори и именувања. Нејзините членови, верувам дека компетентно расправале за кандидатот за директор на МРТВ и би рекол дека не погрешиле кога се одлучиле за кандидатката Мелпомени Корнети, инаку афирмирана новинарка и успешен директор на Македонската филхармонија, за чиј избор колку што сум информиран постои и општ консензус меѓу мнозинството пратенички групи. Кон ова, се разбира дека се придружувам и јас. Точно е тоа дека во меѓувреме од Советот на МРТВ до нас дојде и предлогот за втор кандидат за генерален директор да биде Слободан Чашуле кој е директор на Македонското радио. И овој кандидат без сомнение поседува квалитети на современ новинар и раководител, но официјален предлог, според мене е предлогот и мислењето на Комисијата за избори и именувањето на Собранието на РМ. Меѓутоа јас по овој повод би сакал да потсетам дека МРТВ е сложен информативен систем со доста наталожени проблеми, пред нужна реорганизација и трансформација.

Исто така би сакал да нагласам дека предлогот ќе беше поцелосен ако заедно со биографските и други податоци за кандидатот се најдеше и нејзината визија и програма за тамошниот развој и работа на оваа куќа, бидејќи во МРТВ поради изложеното, императивност се наметнува потребата од директор- реформатор. На жалост, тој момент отсуствува, но бидејќи се доцнеше со решавањето на овој проблем, на реорганизацијата, трансформацијата и разрешување на стариот и избор на нов генерален директор, јас лично очекувам дека тоа што поскоро ќе го стори новиот генерален директор на МРТВ.

III/4

Значи, станува збор за нудење на своевидна програма како за излез од состојбите со кои сега објективно се соочува МРТВ, така и за нејзината што поскорешна трансформација во еден современ радио и телевизиски медиум значаен како за државата така и за сите нејзини граѓани и стопанството.

Во приодот кон трансформацијата на МРТВ сметам дека императивно се наложува потребата од неодложно разграничување на програмата и тоа на програма наменета за државата, политичките субјекти, верски заедници ако за тоа покажат посебен интерес, граѓаните, слушателите гледачите на оваа куќа. Тука посебно би се опфатиле музичката, драмската, спортската, западно - рекреативната и сите други видови на програми, и конечно програма наменета за бизнисот. Ги истакнувам овие разграничувања заради дефинирање на трајните и стабилни извори за финансирање на МРТВ, бидејќи се покажа дека радио-телевизиската претплата, одредените дотации и економската пропаганда во сегашниот обем не се доволно стабилни извори за финансирање на дејноста на оваа куќа.

За поуспешно функционирање на овој информативен систем ќе мора да се преземаат мерки на планот на внатрешната организација и престројување на МРТВ. Во овој контекст освен генералниот директор како главен претставник и застапувач на претпријатието, императивно се наметнува потребата од избор на заменик на генералниот директор, од редот на албанците заради познати причини. Исто така ќе треба да се постават и лица помошници на генералниот директор што би биле одговорни за радиото, телевизијата, предавателите и врските како и за идната кабловска мрежа, за одржување инвестиции и развој, економско - финансиското работење, правната и кадровската проблематика итн. Одреден број на советници исто така би бил од корист во конципирањето и остварувањето на програмата на МРТВ.

По овој повод, освен изложеното, би сакал да ја нагласам и потребата од посебни мерки на планот на рационализирање на работењето на МРТВ. Во таа смисла ќе биде од корист спроведување на уште некои хоризонтални интеграции. На пример информативната програма на македонски јазик што доаѓа до израз кога се информира особено од странство а помалку кога се информира од настани во земјата. Потоа драмската продукција, дел од изведбата на програмата, тоа значи спикерскиот кадар итн. И кај програмите на албански јазик на радиото и на телевизијата, напоредно со нивното натамошно проширување и подобрување на нивната чујност и гледаност, односно зрачењето на предавателите наменети за овие програми, би можело и треба да се извршат одредени организациони промени што би воделе кон рационализација и кон подобрување на квалитетот на програмите. Во прилог на тоа ќе оди и приемот на нови квалитетни кадри за тие програми. Должината на било која програма од аспект на јазикот на кој се подготвува или изведува, исто така сметам дека не треба да се определува како досега врз волонтаристички принципи, туку тргнувајќи од економските принципи и законитости, односно од тоа кој колку партиципира во финансирањето на програмата. Тоа значи државата ќе ја финансира програмата наменета за неа, граѓаните програмите што се намеменети за нив итн. Сметам дека заслужува внимание една општа оценка дека програмата на албански јазик како на радиото така и на телевизијата и покрај одреденото проширување последниве години ни од далеку во поглед на должината не одговара на нараснатите потреби на албанското население, а и на обемот на средствата со кои партиципираат претплатниците од оваа народносна група. Се оценува дека станува збор за преку 100 илјади претплатници од редот на албанците чија месечна партиципација, според висината на сегашната радио телевизиска претплата од 12 германски марки изнесува 1 милион и 200 илјади германски марки или околу 15 милиони германски марки

годишно. И кога би се тргнало само од овој податок, тогаш сам се наметнува заклучокот од посериозни интервенции во натамошното проширување на радио и телевизиските програми на албански јазик. Од тоа ќе извлекува економска корист и МРТВ, на планот на поголеми приходи од маркетиншката дејност на албански јазик, отстапна за еден поширок простор. Сето ова секако ќе треба да најде место во концептот за трансформација на МРТВ што треба во најскоро време да го понуди новиот генерален дирекот кој треба да го избереме денеска. Секако во таа програма посебно ќе треба да се елаборираат и другите аспекти што по овој повод само ги спомнав.

Конечно напоредно со ова очекувам како и другите дека нема да се доведе во прашање слободното и независното новинарство кон што се стреми секоја демократска држава. Гаранција за тоа треба да биде и новиот генерален директор и неговиот раководен штаб.

**СТОЈАН АНОДВ:**

Има збор господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, се зборува за директор на Радио-телевизија, за една национална куќа која е огледало на државата како дома така и во странство. Меѓутоа, мене ме чуди фактот дека во таа државна куќа се вработени повеќе луѓе кои придонесуваат секојдневно во информирањето на јавноста дома и надвор, а некои вршат и технички служби.

Јас немам против ништо дека треба да биде некој таму, во телевизијата директор. Но, автоматски ќе ви кажам, моментално дека имам едно воздржување за тоа што го реков првото. Ако во таа куќа, не знам колку години слави телевизијата ќе ви кажам колку години слави радиото, нема ни еден способен човек. Јас не знам како еден човек можеше до сега да раководи со таа телевизија со тотално неспособни луѓе. Со тотално неспособни луѓе! Нека ми извинат вработените во телевизијата, но тоа произлегува во моментот така.

III/7

Јас не ја познавам госпоѓата или госпоѓицата, која е таа, од која партија е и што ќе прави. Меѓутоа, тоа ме враќа малку назад во годините во едноумието. Кога се даваше некој конкурс, се зборуваше вака - да има морални квалитети, да е не знам од какво семејство, нез нам што да има, што да е и што уште не. Во суперлативи се даваше едно такво, или ќе се дадеше тоа, или ќе се прифатеше или не тоа барање, нормално се прифаќаше и човекот стапуваше на должност само со благослов на некој си таму кој имаше симпатии спрема тој човек. Тие времиња поминаа. Ние изгледаме многу смешни во дадениов момент ја решаваме судбината на огледалото на државата, каде што се вработени незнам колку илјади луѓе, а некој си земе за право да си намести некој си човек таму, во таа куќа.- И сега се прашуваме како и што ќе работи тој човек со луѓе кои можеби еве, на некој начин не го симпатизираат тој човек. Сега, тој човек автоматски не ќе може да си ја врши, како генерален директор службава. Зашто? За тоа што е поставен одреден човек. Значи зад него стои еден човек, или повеќе луѓе, нормално ќе биде задолжен, по право е задолжен само да фигурира во таа куќа а да ги врши сите работи под сугестија по однапред изработена програма. Немам јас ви реков ништо, ништо против таа госпоѓа, госпојца. Јас сега ви зборувам како Митко а не како пратеник. Зборувам како човек, како Митко Анастасовски. Јас не сум задоволен од телевизијата. Понапред реков дека ќе ви зборувам малку за радиото. Секојдневно ми ги бучи ушите дома радиото дека славиме 50 години од Радио Скопје. (во меѓувреме некој од место дофрла (не се разбира што, на што пратеникот Анастасовски одговара), Алексо молим те не ми се мешај зашто... тоа е така смешно, тоа е така прифатено, натурено ние треба да веруваме 50 години постои Радио Скопје. Постои Радио Скопје, тоа е неопходно. Но Радио Скопје постои под еден голем голем татко. Не под тој наш и ваш, тој татулецот, малиот,

малкото.   Јас зборував пред една година, нема ни толку од истото место дека и тоа случајно јас , непара слушам ни радио ниту пак читам повеќе затоа што не ми е потребно да читам, доста сум се изначител во овој Парламент и емисијата почнува вака: "Тука Југославија, Радио Скопје". Проверете ако не е така јас ќе одговарам морално и материјално од дента (некој пак дофрла на што пратеникот одговара) Слушај ти Фаик те молам, ти ќе пратиш бабуџанчиња, таму горе кога си рекол едно време. Слушај сега, јас те молам не ми се мешај зашто не ти се мешам кога ти зборуваш и не сакам да ми се мешаш...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам продолжете господине Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСО ВСКИ:**

Не се мешај зашто никогаш не сум ти се мешал во работиве. Прикажуваш кажуваш и ќути. И сега што стана? Тој ден е запишан во стенограмот. Другиот ден, сабајлето рекоа - "тука е Македонија, Македонија - Радио Скопје". Е така. Токму така е. Е сега се прашуваме кој управуваше со тоа радио Скопје, Скопје или некоја друга метропола Значи ние имавме два татковци. Извинете, јас имам само еден. Имам еден татко голем и едно татуленце, татуленце малечко . Ќе мораше тој татко да го славиме и откако ние ја направивме државата, од кога ние го спроведовме референдумот, од кога гласавме за законите и го извадивме Уставот, за жал тогаш не славевме сите ние. Е сега да се вратиме на темата. Што ни нуди, ни понуди и што ќе ни понуди телевизијата. Верувајте дека во моментот кога преједовме во тоа ново општество, кое беше неминовно да дојде, ние заборавивме дека се јавуваат приватни телевизии. Така? неконтролирано од државата, нормално тие ТВ ги исполнија сите свои давачки како да кажам да државата и нормално сега тие се автономно во државата внатре и даваат програми колку што нив им годи, маркетинзи, неморални филмови и не знам што и што. Тука немаме контрола. Бидејќи не постои

закон за тоа еден малечок напор падна во дилема. Државната телевизија националната телевизија на Македонија со ова паѓа во втор план. Зашто? затоа што државната телевизија и радиото се подзакрила на ова Собрание. И вендаш се прашуваме под која закрила е тогаш Собранието? Под народот. Така Мите, така.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:** (Продолжение)

Е сега, давачките сите на телевизијата и на радиото не се од нас, од народот. Го прашавме ли ние народот колку е способен да даде на телевизијата и на радиото. Не. Кои сме тогаш ние што решаваме за некакви директори, за некакви отстранувања од телевизијата, затоа што автоматски јас верувам во една работа дека ќе дојде до трансформација не во добар пат, не во прав пат, туку во крив пат ќе оди работата, затоа што треба да стане и рационализација. Овде најповеќе се плашам. Знаете зошто се плашам? Се плашам затоа што под удар ќе дојдат тие што метат, што чистат, техничкиот кадар, тие што држат апарати на рамото по 50 килограми, ќе падне тој кадар под удар и ќе стане социјален проблем и тогаш генералниот директор и останатите кои се околу него нема да ги погледнат, ќе останат на улица и ќе се придружат кон армијата кои бараат работа и леб. Тука малку тоа треба да се има во предвид. Секој директор кој ќе дојде, мене барем ми се чини, а не се лажам во тоа, секој директор кој требаше да дојде е предложен од Собранието, или од некоја политичка групација, требаше да излезе со програма што тој ќе работи во телевизија. Таква работа немаме, фала на господа ниту од Министерството за информации немаме ни таков човек кој го избираме. Значи, тоа е пропуст на оние кои го предлагаат. Телевизијата треба да обрне внимание на една работа. На што ќе треба да обрне внимание Јас и сум и не сум задоволен од телевизијата, затоа што телевизијата нереално и необјективно ги прикажува работите во земјата, и надвор од земјата. Што се однесува за дијаспората, не знам таа колку таму е запозната и какви работи се носат, затоа што не сум бил

надвор од земјата. Но, тука внатре програмите се сведуваат на маркетинзи и се сведуваат на некои приредби и на некои други форми на информирање на јавноста кои негативно влијаат кај младите поколенија. За мене е прво националната, или државната телевизија повеќе да се занимава со младите, а на младите не им требаат кафичи, цигари, туку им треба леб и школо и работа. Малку се занимава со историјата на овие простори, на нашиот човек Многу малку часови по тоа. Малку се занимава со странски јазици, бидејќи децата ги има оптоварено во школите, малку дава на тоа. Малку води сметка за социјалата во државата. Една независна телевизија, една независна телевизија, која се храни од народот треба да ја кажува и вистината на народот, да не се крие ништо, да се знае дека толку народ пита, толку народ бара работа, толку народ ќе земе питачки стапови, толку народ имаме такви, толку народ имаме вакви. Тоа не го кажува. И да не се зафатува во маркетингот на една, или на две партии. Тука треба да бидеме јасни и гласни. Сега јас зборувам не како човек од партијата на која и припаѓам, туку зборувам како човек, како единка, како човек кој живее во оваа држава и очекувам многу повеќе од таа телевизија. И да не го оптовариме толку нашиот човек затоа што нашиот човек е дојден до работ на пропаста. Јас многу време ви одземав околу таа телевизија, а има толку работи кои не сме ги решиле. Јас завчера реков дека не е под итно да се донесува оваа работа. Таму имаше еден заменик негов и требаше веднаш да го замени и подоцна ние да го решаваме проблемот за телевизијата, а има толку проблеми. Не сакам никаков маркетинг да правам затоа што се му кажав на овој народ, ако сака нека ме разбере, ако не сака нека не разбере

Јас сум човек кој се нервирам во моментот и во моментот ми текнуваат некои работи. Иако сум оптоварен со излагањата, сметам дека ќе го задоволиме барањето на телевизијата, на вработените, и барањето на народот кој живее во оваа држава. Само тогаш ќе бидеме тие вистински луѓе кои носиме правилни решенија за една таква куќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, дозволете ми јас да го изнесам своето гледање по однос на дневниот ред - разрешување и именување на директор на Македонската радио - телевизија. Засега решението е најдено во одредбата на член 30 од Законот за радиодифузија каде,е јасно предвидено дека директорот на Радиодифузната организација го именува и разрешува од должноста основачот на радио - дифузната организација по претходно прибавено мислење од Работничкиот совет на Радиодифузната организација. Овој законски текст е преточен и обработен и доградн во Статутот на МРТ. И прв пат ќе почнам да го изнесувам своето мислење од обврската на постојниот директор кој претходно треба да биде разрешен да би можело на негово место да дојде и да биде именуван друг директор. Ако тоа не се направи, тогаш не може ни друг да се именува. Генералниот директор кој ја врши функцијата е должен пред работниците да поднесува годишен извештај за работењето на МРТ. Оваа обврска никој не го ослободува, а најмалку постојниот директор. Ние во предлогот за негово разрешување овде не гледаме дали овој директор кој досега бил дал извештај барем еднаш за 4,5 годишното негово така да речам владение во таа информативна куќа.

Што е причина за неговото разрешување? Дали претекот на времето, или неговото неработење, дали потреба од именување на друг повреден кандидат. Ако е второто на негово место да се именува повреден кандидат, јас ќе се сложам и тоа ќе го поддржам. Меѓутоа, основно е да бидат задоволени правилата од 75 на Статутот на организацијата и 68. Кога говорам за член 75 тогаш да имало годишен извештај за работа. Таков извештај немаме. Кога говорам за член 68 сега ќе ги цитирам условите кои се тие што ни дозволуваат на нас да работиме, или да не работиме околу оваа точка. За генерален директор може да биде именувано лице што покрај општите и посебните услови утврдени со закон ги исполнува и следните услови: да има висока стручна подготовка од било која насока. Од извештајот на Комисијата за предложениот кандидат гледам дека има. Да знае еден од странските јазици, стои дека има, да и верувам на Комисијата. Да има работно искуство најмалку 6 години, дали има, дали нема, да верувам, има, да понуди програма за работа во мандатниот период за кој се кандидира, нема. Ова е еден од битните услови кои ни дозволуваат дали ќе работиме, или нема да работиме. Кога ова е материјално барање на еден од основните правила за однесување во таа куќа, тогаш на ова законодавно тело никој не му дава за право да ги крши тие прописи. Зошто ова и самата организација го направила.

Драги колеги, прво, кога реков 75 бараше да видиме она што работел, што направил. Овој сега што доаѓа, што е разликата од претходниот? Каква е таа разлика, како, што ни нуди, дали ќе ги задоволи потребите од член 30 став 2 од Законот за радиоди- фузијата каде ќе учествува во програмата, развојот и се натаму што е наброено. Сега, господа не е спорно, ние одиме во изборна  година. Овој директор

кој ќе треба да дојде бил должен и морал да направи во програмата да даде ветување, ако не друго дека во предизборната кампања и изборите и претставување на политичките партии ќе ги претстави на овој начин, ќе го почитува Законот за изборите на пратеници вака и вака, ова ќе биде допринос и ако не се придржува на таа работа ќе можат политичките партнери во изборната кампања да ни стават на директорот забелешка, а тој како ветување и затоа што бил избран од Парламентот ќе мора да го спроведе. Коалиционите партнери свесни на оваа должност намерни да ги спроведат изборите во своја полза со пропаганда и еднииот збор на г-дин Крстевски ако на некој му треба телевизија, нека си направи друга, а на нас оваа ни е доволна, ние ќе ставиме директор и таа ќе ни задоволи. Господа, затоа се пишуваат правилата, затоа се носат законите во една држава, за да можат да се почитуваат и да бидат еднакви. Ние политички декларации секоја политичка партија дава. Ние од овде што седиме се заговараше правна држава, меѓутоа, сега со овој предлог прашувам, како ќе може некој да не убеди, или мене, или било кој дека сме правна држава кога сакаме да именуваме директор на телевизијата и на радиото кој нема програма, кој не го почитува основниот акт на таа куќа. Мене толку не ме женира тоа дали една личност ќе биде припадник на една, или на друга политичка партија. Јас сум свесен дека коалицијата не сака да посегне и да стави за директор некој од редот на ВМРО-ДПМНЕ. Сигурно ќе бара од свои, меѓутоа, да дојде тој и од своите да земе обврска и спрема ВМРО-ДПМНЕ дека ќе го спроведува законот, дека ќе даде програма за која ќе биде прифатена. Тоа е проблемот овде. И додека не се задоволи ова законско барање јас господа не можам да работам, односно не можам да дадам глас за било кој од кандидатите. Зошто? Па видете што се случи. Сега, од

македонската радио телевизија, односно од работничкиот совет имаме предлог за друга личност. Тоа е ставот на куќата од стручна гледна точка. Нашата Комисија работела без став, без мислење. Ако и законот и статутот предвидуваат по прибавено претходно мислење од работничкиот совет. Јас се прашувам, што ќе земеше за оправдување ако Комисијата го имаше мислењето на работничкиот совет дека таа информативна куќа ако го има за директор тој кандидат што е меѓу нив и го знаат како стручен, какво ќе беше оправдувањето и каков став ќе заземеше Комисијата. Немаа став, немаа мислење и донесоа став. Значи, се работеше спротивно на пропишаните правила за кои Собранието се залага. Господа, најисправно е, нема да пропадне нашата телевизија, таа е наша дали како на опозиција, или како на позиција, таа ќе ни треба, ќе ни треба од државен интерес. Меѓутоа, дозволете барем таму во наши раце е се, таму да бидеме луѓе од закон. Ова е законодавно тело. Не може во законодавното тело да се носат незаконски одлуки.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, постојат повеќе причини оваа одлука со која се предлага избор на генерален директор на МРТ да биде симната од дневен ред. Без нов закон за МРТ не треба да одлучуваме за вакво значајно прашање. Не случајно МРТ не е трансформирана ниту пак се предлага нејзина трансформација. Постојната улога што ја има директорот на телевизијата на МРТ најмногу и одговара на левата коалиција без да се напуштат досегашните шаблони, нема излез од вообичаената ТВ жабокречина, таква каква што беше досега, таа продолжува и понатаму.

**ДРАГИ АРСОВ:(**продолжение)

Јавноста за МРТ е поистоветена со генералниот директор, јавност тоа е што ќе каже генералниот директор во конкретниот случај г-дино Тихомир Илиевски или г-динот Слободан Трајковски. Никако да се отарасиме од нивниот принцип "МРТ тоа сум јас". Укинати се сите постојни институции за влијание на јавното мислење. Узурпирани се сите права во однос на слободата на мислењето. Без тие права не можеме да зборуваме за било какви други права ни за правото за дружување, ни за политичката одговорност посебно на Владата. Се е на штета на штотуку започнатата демократизација и на плуралните односи во РМ.

Не постои Советот на МРТ, едноставно затоа што тоа беше последното и нужното тело што постоеше за влијание на јавноста врз работата на МРТ, влијание на јавноста , реков, врз програмската, врз финансиската работа како и во однос на управувањето. Не случајно од првин долго се одлагаше формирањето на Советот, а потоа откако се формира за прв пат по првите повеќепартиски избори со претставници што имаат поинакво политичко уверување во однос на оние од коалицијата на власта, таквиот совет веднаш беше укинат.

Нанесен е тежок удар врз плуралното македонско општество, укинати се сите позиции за поеднакви шанси за изразување на слободата на мислењето преку електронските медиуми.

Нема слобода на мислење иако и натаму некои е во состојба да не уверува дека слободата на мислењето преку МРТ постои, бидејќи тој тоа го кажува. Слободата на мислењето е и тоа што и ние преку МРТ ќе го кажеме, значи слободата се состои во подеднаквите позиции и на

опозицијата и на позицијата подеднакво да се изразат, подеднакво да го изнесат своето мислење за разлика од мислењето на узурпаторите на Македонската телевизија која постојано се форсира деноноќно.

Повторно ќе нагласам дека државата не и припаѓа само на позицијата, туку и на опозицијата и тие се дел на државата врз основа на изборните резултати кои треба да ги почитуваме. Според тоа, тие што ја имаат власта не можат да не уверуваат дека само тие се државата, тоа често го слушаме од г-динот Ханџиски, овде не уверуваше дека тој и тие што се на власт дека тие се државата, а ние сме против државата, против националната телевизија, бидејќи поинаку мислиме.

Конечно, треба да се сфати дека и ние сме дел од државата и исто така подеднаков дел од националната , односно од државната телевизија. Според тоа , МРТ може да биде државна и национална, ако подеднакво и припаѓа на сите и на позицијата и на опозицијата, ако подеднакво во управата на МРТ се најдат кандидати предложени и од позицијата и од опозицијата.

Доколку преку овој плурален Парламент се обезбедува таков управен орган за МРТ во кој ќе се најдат кандидати предложени од позицијата и од опозицијата, тогаш можеме да зборуваме дека ќе се штитат интересите на плуралното општество, ќе се стави крај на логиката - една партија една држава - , што е рамно на партиска држава, а тоа значи дека според таа логика и постојната телевизија е државна, а всушност партиска. Добро знаеме дека таквата логика ја исклучува можноста да се зборува за медиумите како за главно политичко прашање.

V/3.-

Јас ја разбирам левата коалиција ако се знае дека со јак медиум може да се пласира и лоша политика , тогаш знаеме дека освоениот медиум е половина завршена работа во политиката. Не случајно според позицијата МРТ не треба да претставува политичко прашање. За мудрото раководство на власт најмала грижа претставува упропрастената македонска држава, најважно за тие на власт е во полна пареа да работи фабриката за пари и фабриката за лаги, а круна на сето тоа е да не се испушти наследената позиција да назначат партиски генерален директор без да се менува старата раководна структура, посебно на она што работеше како сервис под патронатот на југословенската радио-телевизија.

На крајот каква МРТ и каков титулар? Не може телевизиската претплата да биде јавна давачка , како што тоа со одлука одлучи Уставниот суд на РМ, а МРТ да не биде јавно претпријатие што ќе се конституира со закон од Собранието кое е во својство на основач, ќе го обезбеди и влијанието на јавноста преку управното тело составено од членови и од позицијата и од опозицијата. Не може некој со наши пари постојано да ме напаѓа, да води кампања против нас, мислам на опозицијата, ако и ние плаќаме , односно ако плаќа тоа членство што гласало за опозицијата, ако и ние сме учесници на целокупниот капитал на МРТ, бидејќи е тој создаден капитал, односно вложувано е во таа телевизија со парите што им припаѓаат на сите, според тоа тој капитал припаѓа на сите и на оние што гласале за опозиционите партии, односно за ВМРО-ДПМНЕ.

На парите со кои се покриваат трошоците не треба да господари само еден и со нив да располага. И ние имаме исто такво право како што тоа право го имаат и тие што го узурпираат тоа право, а тоа е последното раководство поддржано со левата коалиција на власт. Нелогично е телевизијата да го критикува Парламентот наместо обратно да дава отчет пред Парламентот и преку Парламентот да се обезбеди јавно влијание во МРТ. Очигледно се е наопаку поставено. Ако Владата сака владина телевизија, тогаш со закон за електронските медиуми преку секторот предаватели и врски кои треба да се одвојат како дел што ќе има статус на општ општествен државен интерес, тогаш на тој начин трансформирана телевизијата на сегашната постојна редакција на македонската телевизија да им се обезбеди еднаков старт и подеднакви цени што ќе важат за сите други редакции, тука мислам на оние што се веќе конституирани и што се регистрирани како независни и како специјализирани ТВ редакции. Тие треба да плаќаат толку колку ќе плаќаат сите други редакции, како што ќе плаќа и таа владина телевизија, како што беше случајот ЈУТЕЛ која претставуваше владина телевизија која услугите преку предавателите и врски си ги плаќа според исти цени, како што ги плаќаат и сите други. Така е поставена телевизијата и е трансформирана насекаде во светот, сигурно тоа искуство треба да го прифатиме и ние.

Нема независна и национална телевизија, ако со закон не се регулира статусот на независноста и националноста. Не може некој без закон сам да биде над законот и да прогласи еве од денеска ние имаме национална телевизија или независна телевизија. Сигурно тоа е апсурд

ако со закон не биде регулирано. Неприфатлива е уште помалку е прифатливо, затоа реков неприфатлив е таквиот наметнат начин што ни се нуди да го прифатиме старото законско решение кое претставува чист тоталитаризам.

Предлагам да не се прифати одлуката за избор на генерален директор на МРТ затоа што предложениот кандидат најмалку претставува гаранција дека постојната телевизија нема да биде под капата на една партија. Благодарам. Тоа е левата коалиција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Љупчо Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Најпрвин да кажам дека се согласувам со сите оние пратеници кои дадоа предлог оваа точка да се симне од дневниот ред, односно предлогот да биде повлечен и од двете страни и поради разрешувањето на споменатиот генерален директор и поради именувањето на новиот генерален директор што треба да дојде во МРТ. Прво, од две причини.

Сметам дека заминувањето на еден генерален директор значи заминување и на една политика односно политиката која била градена во РМ во последните 4-5 години , додека беше на оваа функција, а тоа според мене претставува сепак една голема работа затоа што оваа МРТ чија политика ја диктираше генералниот директор, ќе мора да се разгледа на еден посериозен начин да ги видиме сите забелешки, критики што можат да се упатат, меѓутоа, и добрите страни на таа програмска концепција.

V/6.-

Ние , за жал, имаме пак каде предлогот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се разговара за средствата за јавно информирање повеќе од триипол години лежи некаде во собраниските клупи, гледаме дека е тоа најблокираната точка која воопшто ни до ден денеска не доаѓа на дневен ред да се разговара, односно да се расправа за неа. Очигледно некој кој управува со средствата за јавно информирање, доста се плаши од разговорот по таа точка. Меѓутоа, независно од тоа , зборувајќи за разрешувањето на досегашниот генерален директор, ќе ги кажам неколкуте забелешки што ги имам на концепцијата што ги правеше тој со својата уредувачка политика најверојатно тој е и главниот носител на програмата на МРТ.

Имено, сите знаеме дека под водството на овој генерален директор на МРТ долго време робуваше на она што се нарекуваше југословенска свест и она што се нарекуваше југословенска информација Значи, сите оние информации што беа во она пресудно време кога се создаваше самостојноста и независноста на РМ во поглед на распаѓањето на Југославија, во поглед на отпочнувањето на војната во Словенија, во однос на отпочнувањето на војната во Хрватска, во Босна и Херцеговина, сите беа обоени со една доза на една дезинформација, односно со еден навивачки тон каде на прво место се поставуваше политиката на зачувувањето на Југославија, додека сите оние што беа за рушење на таа Југославија и надвор од РМ значи во Словенија, Хрватска, БиХ, беа осудувани односно постојано се правеше некаков линч на тие политички субјекти. Да не зборуваме за оценките за внатрешната ситуација во РМ каде исто така сите оние политички субјекти кои се бореа за самостојна и независна Македонија беа постојано осудувани и прогонувани преку најразлични коментари и телевизиски најразлични емисии.

Тоа е првиот дел.

Вториот дел нормално се однесува на демократијата. За жал, ако денеска го погледнеме ТВ-дневникот во 19,30 часот, секој обичен посматрач ќе може, за многу кратко време да даде оценка дека во поглед на политичкиот плурализам, во поглед на политичката демократија денешниот ТВ-дневник во 19,30 часот во ништо не се разликува од оној ТВ дневник од 1988, 1985, 1981 година. Значи според тоа со ништо не можеме да разликуваме и да кажеме гледајќи го македонскиот централен ТВ-дневник дека еве во РМ има демократија, дека има повеќепартиски систем, дека има Влада, дека има опозиција и се она што е нормално за една демократија.

Едноставно гледаме дека се почна со еден третман, со една политичка иницијатива, од самиот почеток да се емитуваат ставовите на политичките партии за да денеска имаме спротивна политика, соопштенијата, партиските ставови на партиите да бидат емитувани некаде во 23,00 или 24,00 часот. Нормално, зависно од програмската шема н МРТ со што доволно јасно зборува каков е односот на МРТ кон она што се нарекува повеќепартиски систем, повеќе плурализам во РМ.

Тоа е она што се нарекува еден поглед кон демократијата, кон ширење на демократијата во РМ што сметам дека главен креатор на една таква политика сепак беше генералниот директор на МРТ.

Нормално, да не спомнувам оној елемент дека ВМРО-ДПМНЕ, а верувам дека и другите партии на опозицијата повеќе пати и јавно и писмено она што во директни разговори го поставуваше прашањето МРТ да изгради свои принципи и да ни ги соопшти на сите нам јавно тие принципи според кои принципи МРТ ќе се однесува кон опозицијата, а

тоа е ако едно соопштение се дава колку време има секоја партија на едно соопштение. Ако се прави ПРЕСС конференција, колку време имаме на ПРЕСС конференцијата. Ако се прават телевизиски дуели, да се повикуваат нормално претставниците на опозицијата каде на пример најкарактеристичен пример, имаме постојано една емисија "Директно со Владата" ги слушаме само претставниците на Владата односно министрите, а од друга страна не можеме да го слушнеме спротивниот став на опозицијата.

За жал, до ден денеска во РМ МРТ не излезе со ниту едни принципи да ни покаже според кои принципи јасно и гласно ќе дејствува, па напротив очигледно принципите се одредуваат на самиот ден на настанот и се одредува која партија колку ќе има простор, со што ќе биде застапена и се она што се нарекува една буквална официјална информација.

На крајот резултатите од една таква политика, односно наградите за водачите на една таква политика ние ги гледаме. Генералниот директор заминува за амбасадор во Шведска, претходниот главен уредник на информативната програма веќе стана потсекретар во Министерството за информирање, што стално зборува дека луѓето кои биле водачи и главни креатори на програмата на МРТ, без сомнение биле луѓе на власта , луѓе кои еве сега се наградуваат од страна на власта и сметам дека повторно продолжува онаа стара поука од времето на комунистичкиот систем, а тоа е ако бидеш добар директор или добар главен уредник на информативната програма на МРТ, тогаш Владата ќе те награди со амбасадорско место. Тоа е една пракса која се повторува

со децении наназад во Македонија од времето на златниот комунизам. И овој пат истата сцена, истата слика ни се случува пред нас.

Во таа смисла зборувајќи само за информативната програма да кажам неколку збора и за вкупната политика што се водеше од страна на овој генерален директор на целокупната програма на МРТ дали првиот канал, дали вториот, третиот канал за тоа сигурно ќе посведочат гледачите на таа МРТ која без сомнение во еден огромен процент се сложува дека не само информативниот простор дека и целиот друг програм дали е забавен, културен, трпи една сериозна криза посебно во последната година најверојатно овие сплетки околу заминувањето и кадровските комбинации си го дадоа резултатот. Факт е дека во едно Скопје повеќе од 50% од населението гледа еден паралелен програм на А1 независната телевизија која гледаме дека со можеби 10 пати пониска и помал број на вработени прави навистина една програма која во вистинска смисла на зборот конкурира на МРТ, верувам дека е така и во малите градови каде се појавија такви приватни телевизии и навистина се поставува прашањето зошто денеска да се стои на еден таков начин за една, за жал, програма која не го врзува човекот покрај малиот екран, туку напротив го тера односно го разочарува да бара своја алтернатива.

Едноставно, ако треба да се даде накратко со еден збор досегашната работа на генералниот директор и на она што се нарекува негова уредувачка политика тоа е, без сомнение, една катастрофална програма и во поглед на она што се нарекува борба за демократија борба за самостојна Македонија или борба за една вистинска програма која ќе го врзе македонскиот гледач покрај тој телевизор.

V/10.-

Тоа е оној првиот дел во поглед на разрешувањето, бидејќи се работи за иста точка.

Вториот дел се однесува на именувањето на новиот генерален директор кој, за жал, ветува само едно, а тоа е дека и покрај оние критики што досега ги трпеше МРТ очигледно дека тоа може во блиска иднина уште повеќе да се заострува , односно таа криза на слободата на информирањето уште повеќе да станува видлива во РМ.

Прво, сигурно не сакам да ги повторам сите оние елементи што беа спомнати од страна на опозицијата за оној неправен дел како се доаѓа до генерален директор, нестатутарен дел, што сигурно уште еднаш претставува кој е оној што во РМ не го почитува Уставот, кој е оној што во РМ не ја почитува правната држава и кој е оној што во РМ го стимулира хаосот. Без сомнение тука е и самиот предлог од страна на вработените во МРТ, тука се ставаат во поглед на размислување и сите оние статутарни забелешки што беа дадени до овој момент на оваа говорница.

Меѓутоа, она што загрижува сигурно загрижува фактот што во овој момент се става за генерален директор на МРТ човек од најтесното раководство на еден од коалиционите партнери, значи човек кој досега е докажан во својата лојалност, она што се нарекува поддршка на владината коалиција, а исто така е докажан во она што се нарекува борба против опозицијата и посебно против ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија што можам слободно да кажам дека нам како опозиција не ни гарантира ништо друго освен дека таквата политичка борба на МРТ само ќе биде уште позаострена, меѓутоа, во состојби кога пред македонскиот народ, пред македонските граѓани, се соочуваат два големи предизвика.

VII/1.- НН/ЉР

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:(**продолжение)

Прво, тоа е предизвикот на новите избори кои веќе доаѓаат на есен и второто, е предизвикот на она што се нарекува некаков договор со Република Грција. Имено, јас ова насилно наименување на новиот генерален директор го посматрав само од овие две позиции.

Во поглед на новите избори значи ќе имаме една политика во која постојано веќе мудроста на македонските државни раководители од вечер во вечер се повеќе и повеќе ќе се зголемува, а од друга страна промашувањето на опозициите за состојбите во економијата, за состојбите во надворешната политика, за криминалот во РМ ќе испливуваа1: и нормално јас очекувам дека некаде наесен, во екот на предизборната кампања опозицијата да биде обвинета затоа што Македонија е во економска катастрофа, затоа што пензионерите немаат пензии, затоа што РМ направила таков договор каков што направила на меѓународна сцена и се она што се нарекува негативни дивиденди кои може да ги добие опозицијата. Меѓутоа, сигурно околу тоа сигурно ќе се соочуваме допрва според она што ќе се нарече нова уредувачка програма на Македонската телевизија.

Вториот дел ми се чини дека е уште поважен од првиот дел во поглед на предизборната кампања. Имено сите ние знаеме дека на 12 продолжуваат договорите меѓу РМ и Република Грција и најверојатно договорот ќе биде постигнат. А договорот како што можеме да чуеме во кратки црти ќе биде промена на членот 49, или барем откажување од тој член јавно, промена на знамето и нормално промена на името на РМ, или пак комбинација од тие три елементи. Нормално, МРТ како главно средства за јавно информирање, мислам главно средство во поглед на перење на свеста и на здравиот разум во македонската јавност ќе треба да ја изврши својата брилијантна функција во поглед да го увери

македонскиот народ дека оној договор што ќе го направи Македонскиот државен врв не само што не е грешка, туку е врвна мудрост и од таа врвна мудрост очигледно дека немаме подобра варијанта. Најверојатно таквата пропаганда од ден на ден се повеќе и повеќе ќе се засилува за да на крајот опозијата, а тука најчесто се спомнува екстерното крило на ВМРО-ДПМНЕ ќе бидат прогласени нормално за државни непријатели затоа што не ќе сакаат да се смени или членот 49 или знамето или името на Република Македонија додека претставниците на Владината коалиција ќе бидат претставени како најмудрите луѓе во РМ, како мудреци кои еве ја спасија уште еднаш РМ од нејзината катастрофа.

И конечно, нормално она што мене посебно ми пречи, а тоа е навистина она што го потенцирав минатиот пат кога се избираат овде членовите на Уставниот суд, а тоа е една политика која се дикгира од страна на државното раководство на еден национален нихилизам односно рушење на се она што претставува македонско национално достоинство и бришење на сите оние луѓе кои макар и потекнуваат од она што се нарекува Македонска нација. Од биографските податоци кои можам да ги прочитам, кои се доставени на пратениците во македонскиот Парламент и од други информации без сомнение се гледа дека новиот ген. директор за мајчин јазик го има грчкиот јазик дома и несомнено е грчкото потекло н а нашиот нов ген. директор, што сметам дека е една прекрасна комбинација од сите малцинства да има застапени во она што се нарекува врвна државна структура на РМ. Меѓутоа, навистина сметам дека е крајно несимпатично во време кога преговараме со Грција и во време кога треба да ги смениме овие симболи и кога треба да направиме еден договор без сомнение ќе биде катастрофален во Македонија, треба да дојде г-ѓа која за мајчин јазик го има Грчкиот јазик во фамилијарна употреба.

VII/3.-

Тоа е првата димензија и навистина со жалење можеме да констатираме дека во РМ повеќе не можеме да најдеме ниту еден сериозен генерален директор на некоја поважна институција да биде Македонец. И навистина, тој национален нихимизам што се спроведува од страна на државното раководство на РМ, на обезличување на она што се нарекува македонски простор дали политички, дали информативен, дали стопански, навистина, повеќе нема граници. Ако државното раководство на РМ смета дека со тоа ќе реши некаков проблем во РМ јас ве уверувам дека не само што ќе нема да решите некаков проблем, туку напротив ќе го зголемуваат екстремизмот од сите страни и напратив очигледно веќе можам и да кажам дека во РМ повеќе децении, односно не само повеќе децении station наназад, туку посебно последните 3-4 години намерно се прави една кадровска политика во која се што, макар и да потекнува од Македонската нација се руши, се менува и добиваме едно тотално безлична слика на она што се нарекува државен столб, државна структура на она што сите ние го сакаме, а тоа е Македонската држава. Навистина, можеби од сите други работи овојп ат, оваа констатација која ја гледам од ден на ден се повеќе и<повеќе, она што најболно, што најповеќе ми пречи, а тоа е што за жал во РМ повторно имаме едно систематско ништење на Македонецот од страна на државната структура. Оваа политика Македонскиот државен врв ве уверувам дека никаде нема да ве доведе.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, значењето на информативните медиуми во стоварувањето на демократската преобразба на РМ не треба да се нагласува. Веќе речиси нема граѓани на РМ што тоа не го знае. Особено државната телевизија е со неспорен приоритет и тоа е исто така прашање кое што не му е веќе непознато на ниту еден граѓани на РМ.

Совршено е јасно дека е тоа главниот модулатор на јавното мислење досега во РМ во овој момент и веројатно уште многу - многу долго време после овој момент.

VII/4.-

Во периодот на транзицијата демократско ориентирана власт требаше, а и така се декларираат сите политички партии, и што влегоа и што не влегоа во овој Парламент да создаде услови да имплементира решение за независно судство, за опозиционо новинарство, за државна телевизија која ќе работи во согласност со државните односно националните интереси на РМ,за непартиска коалиција, за дејствување на опозицијата која нема да бидеа развивана врз основа на политиката на владејачките партии под плаштот на државна стратегија. Од овие основни услови во досегашното владеење коалицијата не стори ништо. Напротив, со загриженост можам да кажам дека се присутни мошне силни процеси на партизација на сите овие сегменти на политичкиот систем и структурата на македонското општество. Некој друг има некои други аргументи, низ или други констатации.

Низ одложеното решавање на положбата на судството и низ кадровските решенија негативните тенденции се јасни, а независното судство е еден од столбовите на демократијата на секоја држава.

Партиското структурирање на полицијата, пред се мислам на раководниот состав е очигледно и тоа ретко кој без многу аналитички способности може да го забележи. Имаме нов импулса на подготвување досиеја за вршење разни притисоци подготвување на партиската припадност. Нови списоци се на повидок кон кого да се врши притисок. Последиците од ова ќе бидат далекосежни. Полицискиот врв на Министерството за внатрешни работи заедно со неговите главни метнрои повторно впловува во опасни води. Повторно е вклучен во нагласен процес на партиски дисквалификации и имплиги. Во јавните медиуми, особено во телевизијата ништо ново, односно и полошо. Властите знаејќи ја деструктивната улога на мислата, се разбира во правилна насока и нејзината позитивна улога се пожестоко ја канализираат, ја контролираат додека можат и колку можат. Се повеќе се стеснува просторот за другото мислење и се повеќе се манипулизира од

страна на политиката на коалицијата. Со секунди се мери застапеноста на опозиционото мислење и тоа што е дозволено во споредни временски интервали.

Имаш е повеќе иницијативи да се отвори расправа во Парламентот за овие прашања, за информирањето на јавните медиуми , за оние медиуми за кои што има компетенција Републичкото Собрание. Затоа како треба да се востановат нови релации између државните органи и македонската РТВ. Затоа како да се зголеми автономијата на оваа кула на однос на персоналните, поединечни, групини и партиско влијание од позиција на власт врзува многу значајна институција. Таа расправа близу 3 ипол години се одбива, се одложува. Случајноста е исклучена. Досегашното водство, заминувачкото им служеше на персоналните и партиски интереси на коалиционите партнери. Не се сомневам дека сакало да биде поинаку. Но не можело. Начинот на изборот, начинот на финансирањето на оваа институција, празнините во законската регулатива, отсуството на други правила не им даваше да се однесуваат поинаку. Поинаквото однесување , однесувањето спрема совеста, принципите ан објективноста, следењето на општите национални и државни интереси совршено е јасно дека ќе им го земеше раководното работно место. Ќе беа сменети и немаше да добијат алтернативни унапредувања. Така ќе биде се до тогаш додека правилата, прописите за начинот на финансирање, избор и отчет на одговорните лица за вакви институции нема да бидат изменети. Илузорно е да бараме храбри Дон Хихоти во вакви и координати на системот. Наместо бавење на таа функција ќе имаме слугување на поединци и групи. Ќе има манипулирање со јавното мислење Ќе има воздишки, болни на повеќе или помалку новинари, вредни, способни да мислат, да видат, како онаа изречена воздишка од еден ценет новинар "Ах, чија ли кариера сега ќе треба пак да одработуваме”.

Ако некој бара докази, пример за опструкција, спречување на другото мислење за необјективна, дозирана информација, за монополизирање на овој медиум од поединци, групи, во полза на една вистина можеме да му приложиме безброј, но би требало многу, многу време а претседавачот веројатно едвај чека да поминат минутите на овој в говорница.

Нив започна да ги воочува и најшироката јавност. Наспротив бројните законски и статусни недоследности, празнини, наспротив потребата прво за тоа да разговара Парламентот имаме предлог за замена на ген. директор на МРТ со нов, друг човек, друга личност. Без пропуст на разрешница, без отчет, без согледување на состојбата на огромниот број судбини, жив отни егзистенции на сите вработени во МРТ. Без проценка на рационалноста во одбивањето на процесот на работа в о оваа институција. Без овие прашања депласирано е, бескорисно е да се разговара за конкретно кадровско решение. Ние немаме ништо против г-ѓата Корнети предложена за нов ген. директор. Лично можам да што искажам и мојот респект, но во денешните координации на системот непроменети, во отсуството на нови законски и статусни решенија што ќе обезбедат пообјективни информирања, порамноправен пристап до производството и користењето на информациите и респективната г-ѓата Корнети тешко дека ќе може битно поинаку да се однесува од своите претходници. Затоа и по неа ќе го чуеме крикот на разбудената новинарска совест "Ах,чија ли пак сега кариера ќе треба да одработиме. Затоа независно од респектот кон г-ѓа Корнети јас нема да учествувам во овој избор како протест не против кандидатот, туку против партиските манипулации и ставањето на рака врз основа на принципите на партиско комесарство. Нека партиите, коалициони, си ја завршат својата работа без мое учество во гласањето во врска со ова.

Уште еднаш повторувам, целиот респект кон кандидатот и кон било кој кандидат што би дошол до овој степен на постапка, но во дадените координати не може ништо поинаку да се стори. За дадените координати на системот виновно е Парламентарното мнозинство, односно актуелните коалициони партнери.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Јас сакав само процедурално да прашам, бидејќи од повеќемина пратеници овде беше изнесен предлогот д асе одложи оваа точка од дневниот ред да се симне дали претседателот на Собранието има намера да го постави ова прашање да се изјасни Собранието или не.

Исто така, би сакал да го замолам претставникот на Комисијата за изборите и именувањата да објасни на ова Собрание според која постапка е спроведено кандидирањето на овој кандидат за ген. директор на МРТ, според кои прописи и што е со мислењето на работничкиот совет на МРТ. Која е функцијата на тоа мислење кое што беше поделено на пратениците на ова Собрание.

Инаку, напомнувам ова е моја процедуралнана забелешка само.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За некое одлагање, за некоја пауза, итн. може да бара пратеничка група. Тоа од мене никој не го барал, а да се симне од дневен ред и на друга седница да расправаме, може само предлагачот да го стори тоа. Според тоа јас би ја предложил не сум овластен да ги дадам за изјаснување.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници,не е никаква тајна дека во РМ продолжува политиката на едноумието креирано до истите тие кои владееја во последните 45 години. Продолжуваат да владеат и ден денес со истите

методи веќе видени на овие македонски простории. Она што денес се нуди од владејачката коалиција на СДСМ, Либерална партија, Социјалистичка партија и ПДП НДП во врска со оваа точка не е ништо ново, туку најцрниот неокомунистички тотилатирализам олицотоврен во личностите кои ни се нудат како најидеални решенија. Вчера во личностите на уставните судии, а денес во личноста на г-гата Мелхомени Корнети член на најтесното раководство на Либералната партија. Што значи дека се работи за исклучива партиска личност, а не некоја си независна со која господата од коалицијата упорно мавтаат пред очите на Европјаните. Божем тие се слепци, а вие господо од неокомунистичкиот албански тестаблитет многу мудри, па се занесувате дека сте многу мудри да ги излажете истите тие кои многу добро се запознаени со вашите комунистички трикови и марифетлуци, кои впрочем не се ни трикови туку сегнеприземни сплетки својствени само на вас господа од гарнитурата.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (продолжение)

Следствено не е никаква тајна дека директорот на МРТ во народот попозната како Кировизија, господинот Тихомир Илиевски кој со доброто поведение е унапреден во амбасадор на РМ во Шведска остава буквално хаос зад него за кој воопшто не мора да полага отчет, затоа што како добар и понизен слуга на господарите на мракот во овој случај Вие господо, верно ги извршувал зададените задачи и во времето на семоќниот Јоже и во сегашно време кога успешно плука по ВМРО-ДПМНЕ и опозицијата. Значи се ослободивме од една чума, на врата ни чука буквално друга. Што во иднина можеме да очекуваме од госпоѓата со грчко име, а можеби и презиме Мелпомени Корнети. Сигурно ништо ново во процесот на демократизацијата на општеството во кој МРТ или поточно кажано Кировизија која се прикажува како национална, (реакција на некои од пратениците): Нешто не е во ред?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, тишина ви обезбедувам, сакам да воведам ред, да можете да продолжите.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Благодарам, благодарам, благодарам многу, значи се прикажува како национална а најмалку е тоа, треба да ја има во македонската држава. Зборувам за улогата која треба да ја има во македонската држава.

Дека гореи знесеното не е само инсинуација се со цел да се оцрни дотичната дама од немакедонско потекло, а во овој случај ќе води национална институција како што е МРТ, колку е национална заклучете вие сами господо.

Според тоа сакам да ги посечам следниве факти и податоци за кои нашироко се говори во Македонската филхармонија каде што госпоѓата

Корнети моментално директорува:

Како прво,(реакција на некои од пратениците) нешто ви фали господине Халили, ако ви фали нешто повелете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тишина.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не сакам јас да дискутирам со вас, ако ви треба нешто дојдете ваму, повелете слободно.

Во услови на постоење, под број еден, во услови на постоење на квартетот Стефан Гајдов на чело со Михајло Поп Јанакис, Душка Тасевска, Зоран Димитровски, Раде Стојановски и многу други проверени музичари, госпоѓата Корнети ангажира музичари од Албанија кои не можат ни вода да им носат на горенаведените, но целта е очигледна. Дотичната идна директорка треба да изгради еден "квалитетен однос" со коалициониот партнер ПДП НДП, значи не се работи само за случајност туку за еден добро подготвен терен кој сигурно е по налог на владејачката номенклатура.

2. Се поставува прашањето колку македонски диригенти и солисти се настапени во Македонската филхармонија за време на нејзиното владеење што не е во границите на нормално ангажирање а што било случај порано.

3. Зошто диригентот Ванчо Чавдарски еден од македонските најголеми диригенти и синоним на македонската музика надвор до границите на нашата држава не е застапен во Македонската филхармонија. Во таа смисла се поставува и прашањето зошто Ванчо Чавдарски е симнат од ТВ спотот на Македонската филхармонија што се емитуваше преку МРТ.

VII/3.-

Која е целта на настапот на клавиристката Рита Кинќер од Унгарија на свеченостите на Македонија во чест на Свети Кирил во Рим, кога располагаме како македонска држава со неколку пати подобри уметници, Јасминка Чакар, Тодор Светиев, Стела Слеанска, Милица Шперовиќ, Катерина Костадинова итн.,итн.

4. Зошто првата виолина во Македонија и редовен професор на музичката академија господинот Михајло Куфујанакис, четири години нема засвирено во македонската филхармонија. Кон сето ова треба да се истакне изјавата на диригентот Фимчо Муратовски во списанието "Лик" дека кога беше организирана свеченоста по повод доселувањето на Евреите во Македонија беа ангажирани солисти и диригенти од Израел кои изведуваа дел од израелски автори. А ние, на свеченостите Македонија во чест на Свети Кирил во Рим носиме диригенти и солисти странци.

Имајќи го во предвид горе изнесеното сметам дека госпоѓата директорка идна и сегашна на Македонската филхармонија Мелпомени Корнети направи вистински хаос, подобро кажано Мара попара во горенаведените институции, а што може да се очекува од нејзиното директорување во МРТ, не треба да е човек премногу мудар па да заклучи.

Имајќи ги во предвид сите настани кои ќе следуваат со промена на знамето, членот 4 9 од Уставот на РМ, името на РМ кое најверојатно е веќе договорено благодарение на Вас господо од номенклатурата ќе мора да се има и адекватно покритие кај народот за сите гореспоменати настани што преку режимските средства за јавно информирање мора и адекватно да се презентираат, па според тоа мора да се има и адекватен директор кои сите овие работи ќе ги координира во МРТ, популарно наречена Кировизија. Некои господа ќе се запрашаат зошто народот така ја наречува. Од едноставна причина затоа што денот почнува и завршува со очувот на нацијата господинот Киро Глигоров.

Во истиот контекст интересно би било да се слушне што навистина мислат вработените во МРТ, здружението на новинари на Македонија и фамозниот вампирски независен синдикат на новинари на Македонија на чело со некој си Карамбие, Луцифер и Белзебуби итн. итн.

Како резиме на сето горе наведено може да се констатира дека дека заложбите на господата од коалицијата за некој си независно новинарство беше само обична манипулација со која треба да се замачкаа очите на македонската и европската јавност. "Независните медиуми" во иднина исклучиво ќе зависат од желбите на господарите што всушност и не е ништо ново во изминативе 50-тина години.

Според тоа јас како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, не на некоја си фракција сметам дека во оваа институција МРТ треба да се постави личност која исклучиво ќе биде професионална и независна што значи прифатлива за сите политички субјекти во РМ, а со тоа и личност која МРТ ќе ја издигне на сите политички игри на кои сме свидетели во сегашниот момент. Но, никако не смее да се изгуби од ви дека МРТ пред се треба да работи во интерес на македонскиот народ и македонската кауза, а не како сега господа, вториот канал на МРТ да е резервиран исклучиво за малцинствата што е невиден апсурд и феномен во секоја нормална европска држава.

Благодарам.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, како и во многу спорни извори, мислам и денес кога конечно се остварени условите за избор на директор на МРТ имено што беше потребно да се направи. Беше потребно еден извесен временски период за да слегне прашината, јавноста по малку да заборави дека се работи за партиски кандидат, да се заборават бројните соопштенија од поединци, од политички здруженија, од партии па и

коментарите од МРТ и се да биде во стилот кучињата лаат караванот ќе си врви.

Јас за волја на вистината, не заради тоа што нешто ќе измени туку заради својата совест и пред се заради јавноста ќе морам да кажам некои свои забелешки во врска со овој избор. Притоа категорички ќе кажам дека против понуденото решение персонално немам ништо против и сево ова што го зборувам сега ќе го зборував и за било кој кандидат кој што ќе беше понуден од секоја една друга партија, а не само од оваа партија.

Како прво и основно при изборот на директор на МРТ нарушена е комплетно процедурата. Имено во стариот и добар социјализам кога се нудеа одредени предлози, тие се нудеа со обланда, односно со добра опаковка за да може да бидат добро продадени односно сварени. Сега во овој период на многуумие не само што нема обланда туку нема и никаква опаковска и се во стилот така е затоа што ние сакаме така. И токму поради тоа членот 30 од Законот за радиодифузија пренесен во Статутот на МРТ кој што зборува за претходна согласност не на еденж, или двајца туку ве молам на 3.000 вработени луѓе во куќата се пренабрегнува. Така да ако се сакаше да му се даде формално покритие на овој предлог веројатно ќе беше умесно Комисијата уште еднаш да се свика за избори и именување, да се повтори гласањето и по тоа гласање пак да си дојде кандидатот односно да биде до крај испочитувана процедурата и да кажеме дека нема никакви правни пречки

Меѓутоа, во овој период кога немаме закон за јавно информирање, кога немаме закон за радиодифузија очигледно дека сметаме дека директорот на една куќа без обѕир на неговите способности, а во овој случај мислам дека се работи за способна жена, меѓутоа неспорно јас зборувам за партиски определен човек тие проблеми сите ќе ги разреши особено ако е во стилот па тоа е наш човек.

После партиски избраниот Уставен суд имам впечаток дека во овој момент веќе правиме партиска телевизија и како со сопствена ограда си ја опколуваме сопствената држава, па нашето неприфаќање во ЌЕБС, а пред се во Советот на Европа кој што децидно рече независност на медиумите и пред се закон за јавно информирање ќе го оправдаме со одредени соседни држави кој дефакто не сакаат да бидеме признати, прифатени и примени таму, меѓутоа без да ги согледаме сопствените грешки особено преку овој чин им овозможуваме на тие медиуми навистина независно да ја вршат својата работа.

Ќе потсетам на историјата за ова работно место, очигледно уште во времето на законот за измени и дополни на претпријатие беше интересно за еден коалиционен партнер. Имено во тој период во измените на псотоечките закон Владата предлагаше изборот на МРТ да го врши Владата. Меѓутоа, бидејќи имаше тогаш еден услов без кој не се може односно без кој Законот немаше да помине^ беше потребно да се прифати амандман без гласање во ова Собрание дека директорот во МРТ ќе го избира Собранието. Притоа Владата во образложението што му го понуди на ова Собрание рече "се со цел да се обезбеди независно и објективно информирање и развој на новинарството односно на МРТ како куќа". Веројатно во тој период Владата поинаку мислење и се беше во стилот навистина да се обезбеди тоа добро и независно новинарство, меѓутоа ако размислуваше поинаку ќе останеше во рамките на сопствениот предлог и ќе го избираше директорот на седница на Владата. Сега не гледам причини и никаква разлика помеѓу тоа што Собранието го врши овој избор и кога би го вршела Владата. Се разбира кога би го вршела Владата тоа би било безболно, би се знаело дека се работи за партиска личност и тогаш тоа би било нормално. Меѓутоа, при вакво образложение очигледно дека некои работи не штимаат во државата.

VII/7.-

Исто така ќе потсетам на едно интервју на претседателот на Собранието Стојан Андов дадено за "Нова Македонија" на 16 октомври 1993 година "се што оди како идеја од некоја друга партија освен од СДСМ се третира како уjдурма на некого да му се земе нешто". Запрашан за конкретните сознанија во врска со влијанието на СДСМ на средствата за јавно информирање тој вели повторно "во упростувањето на работите постои една крупна опасност медиумите некритички да се приклонат кон владеачката коалиција. Тоа за партијата која може да си дозволи еден таков статут не е добро. Особено не е добро за односите во коалицијата и никако не е добро за Републиката и за политички живот во Републиката. Затоа веројатно е потребно да се подзамисли околу вистинскиот тек на демократските процеси". Па се прашувам јас, а веројатно прашањето е упатено, пред се, на претседателот Андов, дали тој ги измени своите ставови и мислења во однос на демократијата во средствата за јавно информирање или демократијата е декларативна именв и се е добро ако е наш човек на потребното место.

И на крајот бидејќи сум ограничена со време, само ќе кажам дека излезот од целата работа во која што Македонскиот парламент се најде веројатно без да сака и која што ќе претставува крупна грешка во демократските процеси во оваа земја го гледам во следното. Бидејќи имаме едно мислење од куќата за кое што веднаш веќе се стави епитет дека е предлог од опозицијата и покрај тоа што верувам дека не е така, условно да прифатиме дека е така имаме еден предлог од опозицијата, од владеачката позиција, умесно би било после 50 години работа на МРТ особено после 30 години од работата на оваа куќа која што ја посетија и врвни политичари со цел да го честитаат јубилејот и пред се успешноста на одредени новинарски пера да се направи една можност да се избере в.д. директор, пред се додека не се донесе законот за јавно информирање односно Законот за радиодифузија кој важи уште од времето на 19 84 година и доколку ова собрание е неможно тоа да го

стори барем за времето на изборите да остане в.д. директор внатре од куќата кој што ќе се изгласа во ова Собрание се со цел тој човек да ја дочува својата објективност и да има поеденаков аршин и спрема едните и спрема другите.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, морам на почетокот да кажам во својата дискусија дека се јавив за збор исклучиво по барање на граѓаните на општина Струмица и поголем дел од месните заедници и во последно време имав повеќе средби со нив и мора да кажам дека едно од најактуелните прашања кое што беше поставува во тие разговори и барања беше токму околу МРТ. Имено, околу нејзината организациона поставеност, околу висината на претплатата која се плаќање и дали воопшто како претплата треба да се плаќа бидејќи Уставниот суд на РМ донесе одлука со која претплатата се укинува и што е исто така многу карактеристично имаше доста критики за работата на раководството на МРТ која на некој начин најмалку внимание посвети на градот Струмица пред се на спортистите на Струмица, на културните работници на Струмица и на вработените на Струмица па и на сите други , од причини што навистина имаше термини во Телевизијата да се дадат првите државни прваци во било кој спорт во нашата држава, Струмица исто така имаше за првпат државен првак во одбојка во машка конкуренција, исто така имаше државен првак во одбојка во женска конкуренција, меѓутоа Телевизијата не најде за причина да изврши еден директен пренос откако  тие дојдоа и успеаја да ги земат тие врвни достигнувања во спортот, а струмичани да не речам граѓаните на општина Струмица барем според информациите што јас ги имам се едни од поредовните претплатници и ги носат трошковите на Телевизијата на РМ.

Оттука беа и големиот дел на барањата дека мора да се даде еден допринос барем во оваа прилика кога се бира нов генерален директор на МРТ за сите овие прашања и проблеми барем ако ништо повеќе да бидат јавно истакнати за да може евентуално со доаѓањето на новото раководство на МРТ одредени слабости кои досега се провлекуваат во нејзиното работење со таква намера и се поставуваат тие да бидат отстранети и одредени региони од нашата држава одредени подрачја од нашата држава, одредени спортови или културни влијанија на некој начин исто така да добие третман заради тоа што тие се дел до државата а не некој начин да не се маргинализираат и да останат на периферијата од сите овие важни моменти од конституирањето на нашата држава.

Исто така, морам да кажам дека барањето за разрешување на проблемите во МРТ не треба да бидат погрешно сфатени бидејќи сите со кои имав разговарано или кои бараа од мене да земам збор го делам мислењето дека на Македонската држава и е потребна државна телевизија и тоа Македонска државна телевизија, меѓутоа, исто така имаше голем број размислувања дека толкав број на ангажирани токму заради вршењето на таа функција во државната телевизија дека не е потребен и дека македонската држава не може да издржува државна телевизија во која ќе бидат вработени повеќе отколку што ни е познато од две илјади и стодватриесет вработени. Голем број на организации во Струмица се трансформираа и огромен број на вработени кои исто така ги свараа тие производни капацитети во општина Струмица останаа во Заедницата за вработување или сега воопшто без работа, а тие капацитети продолжија да работат, како што е на пример да речеме "Струмичанка" која што имаше 1.800 вработени, сега истата дејност ја обавува со 495 вработени. Една трговска организација "Југо-промет" со 1.350 вработени сега на некој начин останаа 600 до 700 вработени, а исто така и тие не се во состојба да ги примаат редовните лични доходи.

Сето тоа зборува дека тие луѓе не може да бидат рамнодушни во МРТ не се направат одредени рационализации во поглед на организацијата на работењето се со цел за да можат трошоците на нејзиното работење да бидат сведени во рамките на она што можат да го поднесат граѓаните на општина Струмица, а да не речам и пошироко граѓаните на целата на држава.

Еве тоа се обврските, на некој начин јас реков, за првпат можеби станувам да дискутирам не во свое име туку единствено по барање ба граѓаните, односно бирачите кои на некој начин го дадоа гласот за мене, а и обврската моја за да можам да ги пренесам нивните барања се со цел за да може да се даде придонес во средување на одредени односи пред се во МРТ, а на тој начин и во другите области од нашето општествено живеење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Интересот за избор на генерален директор на МРТ сигурно предизвика толку голем интерес. Тоа беше и на самата Комисија каде сум и ја член.

Морам да кажам дека изборот при утврдувањето на кандидат за директор, за генерален директор на МРТ на самата комисија не само што беше демократски, беше и законски. Демократски беше затоа што имаше повеќе кандидати, а законски бидејќи овде беа искажани многу невистини во однос на барањето мислење од Работничкиот совет. Комисијата мораше да утврди кандидат на самата седница па да бара мислење за тој кандидат од Работнички совет. Тоа Комисијата го направи, бараше мислење. Како пратеници мислењето на Работничкиот совет го добивме и секој од пратениците овде ќе се изјасни со совест гласање за предложениот утврден кандидат на Комисијата за избор и именување, ќе се изјасни за тоа мислење дали го прифаќа или не. Сигурно дека нема повторно потреба мислењето на Работничкиот совет да оди повторно на комисија, бидејќи Комисијата не избира. Во Законот стои мислењето да го почитува оној кој избира, а избира Парламентот. Комисијата само утврдува свои кандидати.

Исто така морам да кажам, доста се зборуваше за Владата, Владата не избира, избира Парламентот. Ако избираше Владата свој кандидат коалиционен, тогаш немаше опозицијата овде да дискутира за тој кандидат.

Сакав да истакнам една работа која доста беше дискутирана овде, тоа е партиски определен директор. Морам да кажам дека доста погрешно го сфаќаат поимот партиски определен директор, бидејќи ако директорот е партиски определен, дали тој врши партиско влијание на свои вработени или не, тогаш тој директор е партиски определен да ги става во некоја друга ситуација членовите на другите партии вработени во таа организација.

За кандидатот Мелпомени Корнети која е директор на Македонската филхармонија такво нешто не беше досега дискутирано дека членовите на другите партии вработени во Македонската филхармонија да им е вршен некој партиски притисок. Тогаш може да кажеме дека директор кој е партиски определен, тој врши партиски притисок на своите вработени и не би требало да биде директор на истата или на некоја друга информативна куќа.

Сметам дека и како кандидат, ако ја избереме за генерален директор на МРТ сигурно нема да врши партиски притисок на сите слободни новинари и да ги принудува новинарите да вршат некоја партиска пропаганда и нема да го изнесат своето мислење слободно. Така што, гарантирам, барем од досегашното искуство во нејзиното работење дека новинарите од МРТ ќе можат слободно во иднина да го изнесат своето мислење и своите сфаќања.

Доста беше поставувано прашањето за реорганизација на МРТ. Секој од нас, пратениците, кога се зборува за МРТ секој има некоја визија што сака и да ја спроведе. Меѓутоа, тоа ќе дојде на дневен ред. Имаме посебна точка на дневен ред за МРТ и секој својата визија за реорганизација на МРТ ќе ја искаже, а на демократски начин овде ќе одлучиме која визија за трансформација на МРТ ќе биде. А, генералниот

директор ќе мора да ја спроведе таа реорганизација што ќе ја предвиди и македонскиот Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, ние денес овде слушнавме една плејада од наши колеги пратеници за состојбите во МРТ, а тоа не беше на дневен ред. Бидејќи се искажани многу работи и јас си земам право да говорам за некои состојби како јас ги гледам, односно да кажам многу денес се послуживме со , да речам , граѓанска филозофија, алудирајќи на имиња и презимиња на одредени личности, па од нив изведувајќи нешто што е во ред, нешто што не е во ред и сигурно во нашата МРТ има доста работи што треба да се поправат. Ни најмалку не треба да мислиме дека таму луѓето не се политизирани, дека не припаѓаат на ниедна партија, дека во потсвеста не мислат поинаку, дека се самостојни, независни, деполитизирани. Јас не верувам во тоа затоа што сум човек и тие се луѓе таму.

Тоа се огледа од одредени влијанија кога одредени наши добри новинари од оваа седница овде и на други места изнесуваат некои работи онака како што сакаат да ги изнесат. На име, изнесуваат некои критики што не се срж на она што е кажано, туку сакам во оваа конотација да кажам нешто за одреден човек и ќе го кажам, а другото ќе го заборавам. Такви има доста, ќе ги наведам за пример.

Сега, кој е крив? Крив е Тихомир Илиевски, генерален директор. Што ќе му правиме на тој генерален директор Тихомир Илиевски? Ни најмалку мислам дека Тихомир Илиевски е наивен човек.

VIII/4.-

Тој е спремен човек и тоа доста спремен, способен е. Но, ете, по карактер не може да биде како некои херои овде што имаме доста херои и ете лека, полека мора да оди на друго место и друга должност и на негово место да се избере некој друг.

Дали најповолно го одбра нашата Комисија Мелпомени Корнети? Да бидам искрен не сакам ништо да зборувам за госпоѓата Мелпомени Корнети, ја ценам, ја почитувам, респектирам, а го ценам и мислењето на колективот, особено за господинот Слободан Чашуле. Немам лошо што да кажам. Значи и двајцата ги кревам високо. Интересна работа ние овде сме ставени како пратеници во една шах-мат позиција да се определиме за едно или друго, а тоа ќе значи на некој начин не знам колку да имаме политичка култура и не знам каква, пак замерувања со едната или другата личност, со едната или другата партија, што ја знам како, така што состојбите не се во ред.

Ако некој мисли дека овде критикувањето на позицијата и опозицијата односно критиките наменети кон позицијата дека ако избереме генерален директор од страна на опозицијата и да речеме, господинот Андов или господинот Киро Глигоров одат на пат и тој директор да ги следи и негови луѓе да го следат по патот, се лаже тој човек, сигурно. Тоа не може да биде така, Во светот тоа не постои. Ако некаде постои, кажете ми. Јас сум поминал 51 земја, сега ме одредија да одам за Албанија, тоа ќе ми биде 52 земја што ќе излезам вон Република Македонија, сигурно и таму нема опозицијата да го следи претседателот на државата. Ја , мајката, колку е можно тоа!

Ако малку се вратиме назад, малку време, овие две-три години и ако видиме што се направила оваа наша што не чини, велиме дека не чини МРТ, што стана со објавата на повеќепартизмот, ангажирањето на новинарите на сите страни, ангажирањето на новинарите на ратиштата

во Југославија, во Босна и Херцеговина, што стана со конституирањето на Парламентот, што Телевизијата и колку придонесе овде, конституирањето на владите, конституиравме две влади, понатаму, колку телевизијата влијаеше во напорите за реално повлекување на масата односно за реално прикажување на резултатите од референдумот и воопшто Референдумот за независна суверена Македонија. Тоа е раководството таму, тоа се тие новинари, тие луѓе кои таму работат. Што стана со нашето влегување во ОН? Како тоа беше пренесувано, каков беше тоа ангажман? полно ангажирања од страна на новинарите. За тоа треба да се одаде признание. А ние знаеме да зборуваме само за она што не чини.

Што направи нашата телевизија со толкуте митинзи одржани во Скопје и другите градови? Па , тоа е техника, тоа се напори, тоа е труд. Никој за тоа не сака да каже. На краиштата, овие седници што ги пренесува РТВ, тоа е огледало на сите нас. Народот не гледа кои сме, што сме, какви сме и на кого припаѓаме. Зарем не е тоа напор? Зарем не е тоа признание? Значи, не е така лесно да се биде во РТВ Македонска. Тоа е тешка задача.

Сега, колку е тоа реално и во која насока реалноста оди тоа е друга работа. Има прашања од заеднички интерес и на позицијата и на опозицијата против некого. Тогаш се здружуваат интересите против трета страна. Тука е тоа нереалното од страна на новинарите.

Нашата меѓународна активност, кој кого следи? А-1 да, Македонската телевизија следи. Па не дошла од Тунгузија некоја телевизија да ги следи челниците, нашата надворешна политика што ја водат луѓето, министрите и т.н. Наши луѓе одат таму . Тоа е едно признание.

VIII/6.-

Точно е тоа дека имаме големи недостатоци од аспект на недонесување законот за радио дифузија, системот воопшто. Но, исто така е точно е  дека ние не донесовме скоро 200 закони. Блокада во Парламентот. Кој е крив, Тихомир Илиевски или некој новинар таму? Ние овде блокада правиме. Ние излегуваме, ние влегуваме. Еден излага друг влага. Значи ние ги правиме тие опструкции, не некој друг од надвор.

Сега морам да кажам нешто околу тие наши независни новинари како гледаат на одредени работи. Мислам дека е многу лошо ако се гледа од еден агол, да речам еве ми се смејат новинарите таму, госпоѓата Мирјана Димовска и што јас знам уште кој, да launch речеме во Охрид, состанок со делегацијата на Европскиот Совет, Абди Фаик кажал за тоа дека има 220 илјади роми во Македонија. Ништо понатаму. Па, човек има очи, глава, мозок, памет, ум. Па, тоа што го рече Фаик Абди треба да се запише со добри букви, да се потцрта тоа што е кажано, а не кажал тоа и тоа. Не е тоа. Значи пак си има нешто како да има буби во глава.

И, сакам да кажам за нашата РТВ, за моќта, онолку колку ја гледам таа моќ на МРТ колку делува во создавањето на општествената свест кај човекот. Овој пат, бидејќи сум претставник на ромите, за тоа да зборувам. Имаме една получасовна неделна програма на Телевизијата, но тоа е некоја шарена емисија. Скоро ништо не е. Срамота, скоро ништо. Знам дека РМ нема средства, а секаде, од сите делегации што доаѓаат од странство јас зборувам дека имаме. Каква е, таква е, тоа е половина час. Сигурно, со развојот на РМ и развојот на економските односи и економијата ќе имаме нешто повеќе. Меѓутоа, треба да се има волја за тоа. А не само - еве ловецот лови риба и дај му секој ден по една риба нека јаде. Треба да го научиш самиот да лови риба. Тоа ние

сакаме. Ние сакаме да делуваме на општествената свест кај луѓето, за Македонија , по прашањето на Македонија, за популационата политика, еманципацијата и за политичка и за социјална и за економска и за се друго. Само преку радиото и телевизијата. Во радиото имаме 4-5 пати програма по половина час. Меѓутоа, сето тоа е недоволно.

Делегациите и делегатите што доаѓаат надвор од РМ, влезот на РМ порано во ОН, па ЌЕБС, Европски парламент и т.н. Европска унија, колку што јас можев да заклучам тие не говореа ништо против телевизијата и радиото во Македонија, МРТ. Ама ништо. Сето нивно изјаснување беше афирмативно. Дури имаше случаи кога немаше тумачи . Луѓето кој доаѓаа имаа свои тумачи, не наши од тука. Тоа значи дека Македонија е на пат кон создавање едно подобро по демократско општество. Во периодов на транзиција не можеме да направиме се, како што да речеме оваа страна критикава. Јас сум убеден оваа страна да е на власт ќе ги прави можеби не истите, можеби поголеми грешки ќе прави. Ние сме луѓе грешиме и треба да го сочуваме тоа што го имаме.

Мојот предлог, по прашање на избор на директор, немам ништо против госпоѓата Мелпомени Корнети, добри сме пријатели, многу ми е жал и многу ми е криво ако настане некој куршлус помеѓу нас, Собранието и вработените во МРТ и сум за тоа уште еднаш да се седне и продискутира да се најде заеднички јазик, да се најде решение. Мислам дека било кое изнудено решение можеби ќе предизвика и некои последици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Котевски.

VIII/8.-

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Дами и господа, бидејќи во нашиот мандатен период повеќе пати прашањето околу трансформацијата на МРТ и донесувањето на законот за радио-дифузија беше поставувано, но за жал одлагано од седниците на ова Собрание, бидејќи сега станува збор за разрешување и именување генерален директор на МРТ нужно е да се навратиме на неколку работи што овде мислам дека беа нешто спомнати, но јас ќе се потрудам да бидам многу порационален и да кажам некои работи што држат место во оваа прилика.

Првото нешто што е најинтересно за МРТ и е постојан интерес на македонската јавност, воопшто не зборувам тука, за ниедна политичка партија каков е интересот, тие се свои видувања и кон тоа еден од пратениците од Струмица истакна дека населението е заинтересирано за трансформација на ТВ - куќата за бројот на вработените итн.

Едно од најголемите прашања што денес се поставува во Македонија, во граѓанството воопшто, е плаќањето насилно на надоместокот и вториот дел е трансформацијата или рационализацијата ана Македонската телевизија.

За да бидат работите поедноставни и да бидам посликовит ќе се послужам само со еден пример и да Ви укажам на нешто што самите треба да проверите и да видите дали сум во право или не.

МТВ, според официјалните податоци што денес ги имаме има 2400 вработени, а еден РЕК Битола има 3 илјади вработени. Можеби помалку, не држете ме за збор, не е битно, споредете ги податоците па ќе видиме колку е точно.

Кога би ги поставиле работите на право место во оваа држава и на оваа позиција од која денес се одлучува во РМ што ја води целата кадровска политика јас се прашувам дали тие 3 илјади вработени во РЕК Битола, кој произведуваат 80% од вкупното производство на електрична енергија во државата имаат добро познат третман во државава, според тоа какви се нивните лични доходи и според тоа каков развој има општината Битола во Македонија. Да не зборувам за сите хендикепи што ги има општината Битола во поглед на она што како производ го дава, но назад повратно не се дава за развој на општината.

Сега, кога би ги поставиле овие параметри, 80% производство на електрична енергија во РМ, еден голем потенцијал еден гигант и го споредите со една МРТ која има вработено толку кадар, каде е ефектот и каде е рационализација, смислата на економската поставеност во РМ.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ**: (продолжение)

Дали еден гломазен ваков апарат, една македонска МРТВ може ова слабо македонско стопанство да издржи. А пак од друга страна реков еден таков гигант каков што е РЕК Битола да не може во развојот на општината Битола да учествува како што треба. Битола е сега моментално една од најзапоставените општини во поглед и на вработувањето и на падот на стандардот, исто така хендикепирана со затворената граница со Грција, а исто така со овие нови алтернативни решенија на коридорот исток-запад што се правата во РМ. И нормално, ве терам да размислувате многу рационално дали една ваква коалициона власт во РМ рационално размислува, мудро размислува кога ги поставува сосема обратно работите. Надградбата во државата расте и цути а базата што е основата на опстанокот на оваа држава и на оваа нација е ставена во сосема други рамки.

Значи, кога станува збор за трансформацијата ова е едно од клучните прашања. Финансирањето исто така е едно од прашањата кое народот ги поставува. Инсистирањето кое досега, имав јас можност и не само јас во Битола и општината туку и во Струмичката општина да го сондирам е дека МРТВ треба да се рационализира и да има еден национален канал а другото да се самофинансира. Она што е национален канал да биде финансирано од буџетот на државата затоа што верувајте и тука за илустрација ќе изнесам еден пример - дали може еден пензионер што прима 1.900 денари пензија дали може да издвојува 300-400 денари ТВ надоместок исто како што плаќам јас имам плата од 20.000 денари или некој друг кој има 30.000 денари или некој бизнисмен или било каква приватна фирма што има многу поголем доход а учествува со 300-400 денари во МРТВ. Тоа е еден голем парадокс. Тоа е една неправда. Ние всушност ги обесхрабруваме нашите луѓе кои се посебно на крајната старосна граница во РМ. Тие немаат ништо друго

IX/2

освен радио и телевизија во зафрлените села во Македонија. Немаат друго комуникативно средство и ние повторно ги тероризираме со нашите порезници - чантари и со дадени пунктови во државата, по 10-13 извршители насила да одат да му ги земаат дивтиците, електричните уреди затоа што не плаќаат. А Уставниот суд децидно кажа, неговата одлука е конечна и извршна дека ова учество, ова плаќање на ТВ надоместокот е против уставно. Јас не знам зошто вие повторно како позиција во оваа држава се удирате во ѕидот а не можете да го рушите. Јас мислам дека со една ваква политика ќе ја скршите главата. Ова нема да води кон добро. Вие, хендикепиран е, го омаловажувате човекот во Македонија кој е на најниското скалило во личните примања и кој е на работ на голата егзистенција, кој нема ништо, ние му го скратуваме и тоа и тоа мало задоволство. Ве молам, бидете рационални по ова прашање.

Одиме понатаму, ако кадровската политика во РМ се води на еден ваков начин каков што досега имавме можност да ја гледаме во македонскиот Парламент профилирана низ коалицијата која што моментално владее во РМ, јас сум скептик и не верувам дека во наредниот период во Македонија ќе имаме добри меѓунационални односи и воопшто добри меѓучовечки односи во самите колективи. Затоа што верувајте, што самата постапка , со самиот терор што се изврши во Комисијата за избор и именувања без никаква процедура без никаков дневен ред, аткок се уфрли точка за разрешување и избор на генерален директор на МРТВ тоа е чист варваризам од моја страна. Моето размислување е такво. Јас не се срамам да го кажам тоа. Меѓутоа, со ваквиот чин и со потврдувањето во овој Парламент на таквиот избор на генерален директор ние потполно ги омаловажуваме, ги деградираме вработените во МРТВ во кои верувам дека има многу одличен и многу голем број квалитетни луѓе кои не се слагаат со водењето на ваквата политика со насилни средства и методи да им се сугерираат луѓе кои воопшто не одговараат на основните мерила и критериуми под кои треба

да подлегне МРТВ како национална телевизија. Исто така таквото водење на кадровската политика, еден од партијата ВМРО-ДПМНЕ спомна, води кон една друга опасност. Послушајте ме добро- можеби некој ќе ме критикува, можеби не. Меѓутоа, верувајте јас посебно се обраќам до македонците во овој Парламент, посебно до македонците и инсистирам кои што се чувствуваат македонци дека со лобито на малцинствата во РМ на мала врата е направено лоби во РМ, и да знаете, ви укажувам дека во наредниот период, до колку вака се продолжи, малцинствата ќе раководат на клучните места и позиции во оваа држава, а македонскиот човек, македонските квалитетни кадри ќе ги собираат коските од масите. Тоа треба да ви биде јасно на македонците. За малцинствата е сосема јасно и исправно каде водат нивните стратешки патишта.

Кога сме веќе кај профирањето на кадрите во РМ, сакам да истакнам дека овде гласот на квалитетните новинари во РМ треба да дојде повторно до израз бидејќи нашите кадри во оваа држава, кои сметам ги има доста, особено не само во радиото и во телевизијата туку и во другите мас-медиуми во државата, треба да го кренат гласот треба да укажат на оваа аномалија дека ваквата кадровска поставеност и ваквото омаловажување на самите институции во државата, посебно од областа на информирањето се посебен преседант, што не треба да се дозволи од страна на позицијата која што денеска владее во РМ. Мислам дека совесните новинари кој имаат црно на совест, тоа ќе го сторат и ќе застанат во одбрана на сопствените интереси како независни новинари, затоа што ние сме минувачи, ние сме вода како вода како во реката Вардар, сме во овој Парламент и ќе си одиме. Меѓутоа, тие остануваат постојано на своите професионални определби и врз кодексот на новинарите.

Понатаму да продолжам уште на една работа сакам да укажам и да ја споменам, тоа е отчетот при заминувањето на секој директор што

IX/4

треба да го дадат. Јас овде како претставник од Битола, при пуштањето на третиот канал во Битола од страна на МРТВ, Битола како општина , овде го имам и договорот, го финансираше во предавателите и со тоа активно учествуваше со квалитетни средства за функционирање на овој трет канал на подрачјето на општина Битола. Меѓутоа, од она што се планираше, и ако средствата се потрошени од страна на МРТВ, Битола и понатаму остана како слепо црево, Битола и понатаму остана хендикепирана без официјалните македонски информативни средства да фрлат поголем акцент, да дадат поголем третман на проблемите, прашањата што се актуелни и акутни во општината Битола. До колку, господо од позицијата не верувате, јас го имам тој договор, ќе можете да го видите. Затоа ве молам бидејќи целата постапка е погрешна , бидејќи новиот кандидат што е предложен од страна на позиција нема поднесено програма како треба да изгледа МРТВ со сите овие елементи што јас ги изнесов на оваа говорница, рационализација, трансформација итн. мислам дека оваа точка треба да ја одложиме од дневниот ред. Барам и по ова прашање да можеме да се договориме и на некој начин да укажеме не само пред европската јавност и пред сите оние институции кои што владеат во РМ дека сме спремни да го прифатиме предизвикот на демократијата, затоа што со насилни средства, со насилно одредување на генерални директори и заменици директори во МРТВ, ние го промовираме обратниот процес што не треба да се случува во РМ.

И на крајот ќе завршам, ако може една православна македонска црква да ја претставуваат оџи, тогаш ќе можат и вакви кадри да ја претставуваат Македонската национална телевизија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент, да ви кажам, овде избраните пратеници се избрани од граѓаните и секој пратеник според Уставот на Македонија го претставува секој граѓанин односно сите граѓани. Затоа повикувањата од

поедини пратеници само на македонците, самото тоа не е во ред и минуваат надвор од компетенциите на пратениците. Секој пратеник е слободен своите политички погледи да си ги искаже, но својата позиција нека не ја вади надвор од онаа што е дадена во Уставот.

Има збор господин Наумовски.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Чувствував потреба да се јавам и да кажам неколку зборови во расправата по оваа точка односно избор на нов директор на МРТВ. Веројатно кај сите претходни дискутанти провејуваше една нова димензија на состојбите што ја обременуваат македонската телевизија а која Собранието како основач треба да ја акцептира а тоа е веројатно да одржи една тематска конференција односно состанок на Собранието каде што како што е и порано најавувано ќе се расправа токму за проблемите на МРТВ. Зарем тоа денеска не треба да биде посебна причина да се осврнеме на изборот на нов директор на МРТВ. Мислам токму поради состојбите што таму владеат, треба да бидат уште една добра причина да се направи нов избор на директор во МРТВ.

Ако тргнеме од две основни работи што треба да ги задоволиме за да знаеме дека навистина денеска ќе направиме една позитивна работа, тоа е кои се целите и задачите со изборот на нов генерален директор на МРТВ. Верувам дека кај 70-80% од претходните говорници беа спомнати проблемите што се таму. Верувам дека сите тие мислат, веројатно е точно, дека всушност постои една дезорганизираност во МРТВ. И тоа е основна и голема причина да се направи еден добар , нов почеток во МРТВ со избор на нов директор.

Би се вратил на тоа да ја објаснам ситуацијата колку што можам во врска со припадноста на кандидатот за нов директор, односно политичката припадност. Верувам дека сите оние што излегоа на претходните избори ја покажаа својата политичка интима со гласовите

што ги дадоа во прилог на определени политички партии. Со тоа всушност директно ја креираа политиката во оваа држава. Ако е така и понатаму верувам дека сите оние сили кои се спремни да учествуваат позитивно во градбата на оваа држава, повторно така ќе постапат во следните избори. В9 таквиот контекст на настаните, сметам дека е и ова денеска што го правиме, затоа што навистина е многу наивно да се верува дека луѓето не се политички определени. Можеби не знаат и не сакаат сите тоа да го манифестираат, меѓутоа доволно имаат причини луѓето, секој со своето живеење, со својата животна филозофија да придонесува во изградбата на државата. Затоа сметам дека и ова денеска ние што го правиме со навраќањето на изборот на нов директор на МРТВ, всушност правиме и понатаму правиме продлабочување на нашите општи животни потреби за подобрување и на информирањето.

Во МРТВ, можеби сигурно има мал број на новинари наивни новинари кои верувам ќе се стават и мислат ќе се стават во функција на новиот директор. Меѓутоа сметам дека најголемиот дел од новинарите од вработените во МРТВ се сериозни и зрели луѓе кои што немаат дневно политички потреби да се престројуваат и да мислат поинаку отколку што мислеле. Но, тие не знаат дека во МРТВ не треба да се направи една добра нова организација на работите и се разбира можеби вкулување на кадрите, на вработените бидејќи веројатно е и тоа голем проблем.

Од друга страна со изборот на новиот директор на МРТВ всушност се зголемува личната одговорност на новоизбраниот директор се зголемува личната одговорност на мојата партија и верувам дека во исто време се зголемува одговорноста на коалицијата која мислам дека ќе стои зад предлогот за директор. Зарем ова не е добра шанса на крајот, за опозицијата, кога директорот ќе биде или се знае дека ќе биде од мојата партија, зарем нема тоа да биде добра шанса кога директорот ќе игра со отворени карти со опозицијата и секогаш и во секое време ќе

можат да покажат со прст на неправилностите кои таа ако ги направи ќе можат да го санкционираат тоа, со јавни настапи со критиките итн. Затоа секој оној кој е зрел и способен да се справи со проблемите нека повели тоа и понатаму да го покажува со своето конструктивно однесување. Инаку априори негирање на некого ви за ви идната негова работа сметам дека е не зрел потег. Многу мина тука посегнаа по националната припадност на кандидатот. Дефинитивно мислам дека тоа се приминитивни или анимозитетни односи на поединци кон овој проблем, првенствено од тоа што сите ние што живееме во РМ во државно правна смисла сме македонци односно македонски граѓани. Па во таа функција сметам дека не треба да го навредуваме кандидатот Таа е македонска од етничко потекло - влашко. Дали таа дома ќе зборува влашки или македонски тоа е нејзин личен проблем. Не помалку ќе биде таа македонска особено што со нејзините успеси како добар организатор и директор на македонската филхармонија направи навистина една добра афирмација на македонската филхармонија, а со тоа и во сегментот на културата на РМ надвор од државните граници. Се разбира, го направи тоа. Па затоа да не одиме на примитивни сопки, ситни за да спречиме нешто веројатно ќе биде наша заедничка цел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Димитар Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство дами и господа пратеници, не можам да не кажам дека и денешнава седница односно да дадам лична оценка за нејзиното работење, дека претсавува еден политички маркетинг, кој што се разбира највеќе го користи опозицијата. Тоа не е ништо необично, зошто колку што ме служи паметењето досега со ништо не се согласуваше што предложи и подржува позицијата. За жал мора да истакнам и тоа да знаат граѓаните на РМ дека опозицијата имаше

можност активно да учествува изборот на генерален директор на МРТВ зошто таа активно учествуваше во Комисијата што го дава предлогот, не само со четворицата постојани членови во таа Комисија туку дури и членови од опозицијата што не се редовни членови на Комисијата. И откако не успеа да наметне свои предлози и своите предлози аргументирано да ги брани и да ги избори, тогаш постапува вака, рушилачки како впрочем и досега што го поддржувала и застапувала позицијата. Овде се цитираат одредби од статутот на МРТВ, а ние изборот на генерален директор не го вршиме според Статутот на МРТВ, туку според законот за радиодифузија , што е постар, колку што јас знам од Статутот на МРТВ. Овде се спомнуваат некакви програми за развој на МРТВ и видувања што треба да ги поседува кандидатот. Сигурен сум и бидете убедени дека кандидатот тоа го има и тоа сигурно дека ќе биде на првата седница на Советот на МРТВ. Убеден сум дека ќе биде прифатено се она што ќе биде предложено, затоа што ќе биде право предложено.

Некој исто така од опозицијата се залагаше генералниот директор на МРТВ да произлезе од таа куќа. Како да се заборава дека госпоѓата Мелпомени Корнети е производ на таа куќа. Работното место се уште и мирува. И во овој момент се враќа во својата матична куќа како осведочен раководител и како раководител кој што со своите способности ќе успее да ја трансформира МРТВ.

На госпоѓата Мелпомени Корнети, замислете си сериозно и се забележува дека зборува грчки јазик. Каков нонсенс!?

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Покрај она што е наведено во биографските податоци на кандидатот, зарем не е многу убаво покрај сите тие јазици да зборува уште 10 јазици за еден човек кој што ќе биде генерален директор на најголемата информативна куќа во Македонија. Навистина нон сенс. И на крајот, на г-ѓата Мелпомени Корнети и се забележува дека е,сериозно и се забележува дека е од потесното раководство на ЛП. Јас лично жалам што тоа веќе нема да биде, зошто ќе мора да се деполитизира. Меѓутоа, сакам да ве потсетам господа да не заборавите дека е ова уште еден еклатантен пример за максимата дека"способните со нас успеваат".

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, иако во овие сложени економски состојби во Републиката на едно вака суптилно место е тешко да се најде најсоодветен избор. Не можам а да не кажам дека слушајќи ја и опозицијата и позицијата често пати човек доаѓа во една дилема да поверува и на едните и на другите во своите аргументи кои ги изнесуваат "за" и "против". Јас само можам да кажам дека во досегашното работење од страна на радио- телевизијата воглавно сме задоволни, меѓутоа, состојбите на приемот на радиотелевизиската програма во моето подрачје е крајно несоодветна, затоа што додека во градот Скопје и во некои поголеми градови се гледаат сите 3 програми, за радиото и да не зборувам, во моето подрачје скоро ниедна програма соодветно не се гледа. Ние од страна на граѓанството имавме организирани петиции во однос на плаќањето, меѓутоа, имајќи го во предвид бројот на вработените во ТВ, состојбите како и во другите работни организации сметаме дека засега така како работеа делумно е и

оправдано што е така. Меѓутоа, ова сега што се презема од страна на позицијата и се поставува едно лице за кое се најдобро се зборува, мислам дека треба на сите, па и на опозицијата да биде еден гарант поаѓајќи од претпоставки дека предложеното лице во своето работење пред се ќе ја има вистината, а никако нископартиските определби, или било каква пристраност во натамошното работење, затоа што наредните избори, наредните состојби во државата итн. се такви да доколку едно такво лице на време не расчисти со овој свој однос за работа на едно такво работно место да управува подобро е да не се прифаќа на оваа една работа. Тоа е едно.

Второ, доколку така продолжи да работи, така како што се претпоставува од опозицијата, мислам дека работењето на можниот избран, предложен директор ќе биде многу кратко, заради тоа што вистината секогаш победува и мислам дека така ќе биде и во однос на ова работно место, затао што нејзината работа и преку радиото и преку телевизијата ќе биде достапна на критика на секој граѓанин кој и малку ја прати македонската телевизија и радио.

И на крајот сакам да кажам дека определувајќи се што ми е целта да дискутирам за предложеното лице од страна на Владата и позицијата со замолница и опозицијата да даде една поддршка проблемите во мојата општина и во сличните општини со недоволно гледање на програмите, со влијанието на програмите од соседните држави да се избегне и напротив да се појачаат репетиторските служби за да дел и од соседните држави можат да ја пратат нашата програма и нашите луѓе кои живеат таму, да бидат исправно информирани, да не подлегнуваат на криви информации за да добрососедските односи и понатаму имаат свој добар тек.

Х/3

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, уште од почетокот јавно изјавувам дека нема да му дадам поддршка на изборот на новиот генерален директор на МРТ од причини што сметам дека изборот, односно кандидирањето не е извршено според демократските принципи за кои ние тежнееме. Повеќе кандидати, повеќе квалитети и од куќата и надвор од куќата. Според тоа, коалицијата веќе однапред знае дека ќе биде избрана г-ѓата. Излегов на говорница само со единствената цел, да му честитам на претседателот на Собранието на РМ и на неговата партија те. Либералната партија за водечката позиција што ја придоби во коалицијата помеѓу неговата партија, Социјалдемократскиот сојуз и ПДП. Еве зошто го велам тоа. Стопанството либералите веќе го добиле најважните места во државниот апарат, исто така, т.е. претседател на Собрание, министер за надворешни работи исто така и координатор сега заменик претседател на Влада и сега останува само да ги придобијат медиумите и второстепените, односно изборите вторите повеќепартиски и демократски избори сигурно и ќе ги добија Се прашувам зошто во овој момент се разрешува сегашниот генерален директор, дали неговата политика и неговата работа во МРТ беше успешна за да може истиот да добие уште поодговорно место, кога и до сега веќе 3 години Албанците, а и другите барале квалитетна програма, проширување, Албанците барале пропишување на програмата согласно нивните и потреби и заслуги и плаќања, реализација на сите програмни во сите делови на РМ гледаноста на истите програми и прва програма и втора и трета, кога се плаќа ист надоместок.

Меѓутоа, од друга страна претседателството на ова Собранието вешто избегуваше односно ја ставаше точката на дневен ред и ја повлекуваше кога сакаше. Средствата за јавно информирање односно МРТ и нејзиното трансформирање во духот на новиот систем кој тежнееме да го изградиме.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, точката ни е јасна, за разрешување и именување генерален директор на радиодифузното претпријатие МРТ.

Прво, ќе се задржам за разрешувањето. Со оглед на досегашните дискутанти повеќе се искажаа негативно во однос на извршувањето на функцијата на досегашниот генерален директор. Но, се прашувам обратно сега, ако генералниот директор е разрешен, зошто е напреден тогаш во една повисока функција? Да ве потсетам на една интервенција на претседателот на Собранието за еден од претходните именувани амбасадори, да не се кажува ништо лошо. Сега веќе почна да се кажува се негативно за работата на досегашниот генерален директор, фактички да досегашната македонска радио телевизија, куќата како куќа. А што значи тоа сега именување на генерален директор? За мене МРТ е полигон, беше и ќе биде полигон за обука на идните амбасадори. Ако нас ни требаше на 6 месеци пред изборите да именуваме нов генерален директор, замислете си после една година новото Собрание ќе назначи и ќе именува нов генерален директор, но исто така, ќе добиеме добар иден перспективен амбасадор во таа иста македонска радио телевизија. Тоа е поентата на сите овие ујдурми што се прават сега при крај на мандатот на ова Собрание.

X/5

Ќе почнам со една интервенција на еден од претходните дискутанти, а тоа изгледа беше пратеникот од ЛП кој јасно кажа: кој е зрел и способен, нека повели. Сега се прашувам јас каде, дали во функциите што до сега си ги поделија една партија, како што кажа претходниот дискутант од една опозициона партија, народна партија, мислам дека така се викаше. Со тоа јас се прашувам дали некој од тука навистина може да се најде зрел, да не може да биде директор сега според прашањето што го постави претходниот од ЛП. Изгледа ни еден не е зрел од таа македонска куќа до сега, па да ја преземе функцијата генерален директор, мислам од МРТ, а бидејќи нема зрели, па нема ни способни, според тоа. Често пати се манипулира со улогата на Собранието на РМ како основач итн. Мојата теза останува на тоа, ние како Собрание, или јас лично не се ставам во улога да сме ние основачи на МРТ. Основач на Радио – телевизија - Скопје беше Социјалистичка Република Македонија и улогата на основач ја преземавме со законот за радиодифузијата од 1974 година. А некои тука сега сака да каже, па вие самоуправувачи сте. Па нормално ќе бидеме самоуправувачи кога на истиот закон работевме со најубавите денови во времето на самоуправувањето од 1974,1975 година. Да ве потсетам кој го програмира тоа, сега со убави реченици да ве потсетам на 1974 година што значеше, размислете добро. Ние имавме основано еден таканаречен Советот при радио-телевизија со надворешни членови. Тоа Уставниот суд ни го укина, но без да се реагира од страна на таканареченото по мене декларативен основач сегашното Собрание на РМ. Со ни една реченица Собранието не најдовме храброст да ја анализираме Одлуката на Уставниот суд иако некои членови од Владата реагираа и те како многу похрабро околу некои таблици итн., наводно тоа

било само храбар потез на некои членови од минатиот, тогашниот Уставен суд. Но, ние како Собрание ја изгубивме контролата и во раководењето, индиректно во раководењето на МРТ и како основач сега понатаму и како предлагач на идниот директор на истата куќа. Се прашувам дали Собранието на РМ го има разгледано извештајот за работата на МРТ по конституирање на РМ како суверена држава, сигурно знаете дека немаме ништо разгледано. Дали се разгледани прашањата наметнати од определбата на радио и телевизијата како самостојна и независна, одговорна и професионална институција. Сигурно немаме разгледано досега. Како основач Собранието на РМ немало сили да расправа за дејството на МРТ во повеќепартискиот политички систем во државата, иако од страна на радиодифузната организација на МРТ до Собранието е доставен проектот, концептот за трансформацијата на МРТ од 31 декември 1992 година, а после во јули 199 3 година Советот на МРТ го поддржа концептот за трансформацијата и го достави до Собранието и до Владата на РМ кој потоа ќе стане владин предлог. Но, што се случи? Се блокира од истата партија која сега ни го делегира и ни го предлага идниот директор на МРТ. Зошто викам се блокира? ЛП излезе тој момент со едно соопштение во кое го повлекува тогашниот потпретседател на Владата Ристо Иванов за наводно неуставен потпретседател на сегашната Влада. Но, Ристо Иванов беше истовремено и тој истиот беше предлагач на законот за трансформацијата на јавното претпријатие МРТ. Со тоа се изврши класична блокада за недонесување на тој закон. Но, после ја видовме судбината на истиот предлагач да после 3,4 месеци се враќа како херој на овие собраниски клупи па сега таа иста ЛП излегува со еден многу конструктивен и многу перспективен иден амбасадор, сегашен директор на МРТ.

X/7

Тезата основач на МРТ останува и понатаму за мене само декларативна. Зошто тоа го кажувам? Нема соработка со основачот на Македонската телевизија со Собранието на РМ со укинуваше на Советот при македонската телевизија. И немаме извештај за материјално - финансиската работа на сегашниот разрешен директор во периодот кога тој владееше со телевизијата. Незаборавајќи дека приходот на МРТ со РТВ претплатата изнесува околу 90% од приходот за телевизијата. Исто така, не учествува во расправата и во одлучување на сите фази на планирање и дејствување на програмите на МРТ за 1994 година кога се одржуваат изборите и понатаму можам да кажам за 1995 година која ќе биде исто така една од важните години за иднината на македонската држава. Трансформацијата на МРТ немаше храброст ова Собрание воопшто како основач, по мене таканаречен основач да го постави на дневен ред.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:(**продолжение)

И сега имаме толку храбри потези и толку зрели, како рече еден од претходните дискутанти, со еден шаховски потег ала канал А1, да го користиме поимот да не утре почнеме да се викаме А1 , А2 или да ги преземеме сите шеесет и четири букви или полиња од шаховското поле, па ќе почнеме да бираме 64 директори. Автоматски ќе немаме како основач на МРТВ бидејќи ќе имаме многу повеќе од потреба од идни генерални директори.

Исто така, некој кажува дека тоа е законски и демократски на Комисијата за избори и именувања се прифати предлогот за Предлогот на Либералната партија. Јас сметам дека тоа е предлог на Либералната партија, да не ја ставам другата партија да учествува истата таа партија СДС што ги поддржуван сега имала свој кандидат зрел и способен да предложи кандидат, но што се случи? Се користи поимот да има два-три кандидати, јас не го поддржувам ставот дека на Комисијата се расправало за двајца кандидати, едноставно се помина на гласање, само за еден кандидат, при гласањето не сум учествувал и мислам дека тоа не значи дека е демократски процес, кога само позиционите партии учествувале да се прифати предлогот за идниот генерален директор.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, за разлика од еден мој колега што многу сакал да реплицира со мене, јас се обраќам до сите пратеници без разлика на нивната националност и вера.

XI/2.-

Прво, сите се согласуваме во едно дека нешто треба да се менува во МРТВ. Значи не сме задоволни со самата структурна поставеност, уредувачката политика во МРТВ, а тоа веројатно се прави со првиот човек на таа куќа.

Во сето ова незадоволство можеби многу нормално би звучело тоа дека најнезадоволни би требало да бидеме ние од пратеничката група на ПДП, затоа што сите знаете, а сите ние знаеме каков статус има редакцијата на албански јазик во МРТВ. Нормално и затоа се ангажираме да се подобри овој статус, но нашиот ангажман беше и ќе биде многу примерен. Што значи тоа многу примерен, со сите тие механизми кои ги дозволува една добра демократија.

Во едно сите се согласуваме дека основач на МРТВ беше Собрание што ние велиме од едноумието. Веројатно, не веројатно, туку точно дека истото Собрание тогаш го именувало и директорот на оваа куќа, а сигурен сум дека со ни еден глас против. Една голема предност е сега кога бираме нов директор, бираме веројатно со и против, значи ќе има гласови и против, што значи сега бира директор едно Собрание кое е многупартиско. Значи треба промена. Е сега, сите дискусии треба да се одвиваат , односно се одвиваат во некои рамки, меѓутоа, сакаме или не, бидејќи се правила на некоја демократија, мнозинството одлучува и за вакви случаеви, а мнозинството е коалицијата во овој случај. Тоа не значи дека не требаше, а јас знам дека се консултираше опозицијата, но не треба и не мора да значи дека кандидатот предложен од опозицијата и да биде биран. Тогаш зошто постои оваа коалиција во ова Собрание.

Исто така, би сакал да подвлечам дека политичка мудрост по се изгледа да бидеш и во коалиција, тоа значи да бидеш и во мнозинство, затоа што и предлагаш, во овој случај, и бираш, а имаш можност и да бираш. Така што во овој случај апсолутно немаме право ако бидеме конструктивна опозиција да се занимаваме со личноста која ќе дојде на чело на оваа куќа со наши настапи и наши кажувања кои навистина не ни доликуваат. Затоа што пред се треба да внимаваме на личноста, односно на човекот кој е предложен да биде на чело на МРТВ.

Јас навистина ќе го завршам и овој мој настап со тоа дека не сакам, а и не знам да коментирам некаков примитивен патриотизам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Збор бара г-динот Петров, но г-динот Јакимовски бара процедурално, па да го замолиме г-динот Петров да причека.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Ова е моја втора процедурална забелешка, инаку како пратеник кој седи во ова Собрание уште еднаш барам за да знам да се определам пред гласањето или евентуално во дискусија, претставникот на Комисијата за избори и именувања да образложи овде од говорницата според која процедура е поведена постапката за предлагање на Предлог - одлука за разрешување и именување на генерален директор на МРТВ и која е функцијата на Мислењето на Работничкиот совет од МРТВ. Мислењето е поделено меѓу пратениците, ме интересира дали Комисијата го има разгледано тоа мислење и каков е ставот на Комисијата по тоа мислење.

Значи, процедурата и состојбата со мислењето и процедурално сакам да забележам дека е неспоиво придавката "примитивен" да се врзува за поимот "патриотизам".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За жал стана правило на однесување парламентарната демократија некој да ја замислува и практикува како анархија на парламентарното мнозинство.

Врз основа на член 389 од Деловникот на Собранието предлагам Предлог - одлуката за разрешување и именување генерален директор на радиодифузното претпријатие МРТВ да се претресе според одредбите на Деловникот за претресување на Предлог за донесување на закон и по тоа барам Собранието да одлучи, или предлагачот истата да ја повлече за да може во меѓувреме да се испочитуваат одредбите во постапката за предлагање кандидат за генерален директор. На тој начин сметам дека ќе се стави крај на оваа маскарада која се прави околу разрешувањето и именувањето на генерален директор на МРТВ. Ова мое мислење го образложувам со следното:

Прво, без никакво образложение спротивно на членовите 97 став 1 и 99 од Деловникот на Собранието и покрај сите спротивставувања на парламентарната опозиција Владата успеа да ја наметне на дневен ред на оваа 75-та седница оваа точка - Именување и разрешување генерален директор.

Седумдесет и петтата седница е свикана со решение на 28 април за 5 мај о.г., почна дури на 10 мај за да на истиот ден 10 мај добиеме предлог од Комисијата за избори и именувања за дополнување на дневниот ред со оваа точка, по итна постапка без никакво образложение.

Од дописот на генералниот директор постојниот и актуелен од 8 април о.г. до Собранието дознавме дека мандатот на актуелниот генерален директор започнал на 30 декември 1989 година што значи

на 30 декември 1993 година му истекол мандатот. Зарем требаше господинот Тихомир Илиевски да биде ангажиран во Министерството за односи со странство, па да дознаеме дека мандатот му истекол? Затоа отворено го поставувам прашањето во што се согледа, од страна на актуелната парламентарна коалиција, итноста за поставување на ова прашање на дневен ред? Впрочем во кулуарите на Собранието се слуша дека и на актуелниот директор на Македонската филхармонија истечен е мандатот, меѓутоа, постапката воопшто не е отпочната во надлежните тела.

Второ, Предлог - одлуката за мене лично, е во спротивност со Законот за радиодифузија член 30 став 1 кој вели дека "директорот на радиодифузната организација го именува и разрешува од должност основачот по претходно прибавено мислење од Работничкиот совет на радио- дифзната организација". Имено, постапката започна, мислење не добивме. Се изнуди дури екс-пост отпосле со Мислењето од Работничкиот совет дури од 12 мај о.г. кога седницата на Комисијата претходно беше завршена, а предлогот доставен до Собранието што верувам дека ако Собранието ја завршеше 75-та седница на 10 или 11 мај, Мислењето на Работничкиот совет воопшто немаше да биде земено предвид ниту ќе влијаеше на некаква одлука на ова Собрание.

Трето, Предлог - одлуката е во спротивност и со Законот за изменување на Законот за претпријатијата ("Службен весник"број 15/93) во кој Владата ни понуди, а ова Собрание го прифати Предлогот со јавните претпријатија основани во Републиката да управува управен одбор чии членови ќе ги именува Владата заедно со директорот, меѓутоа, во членот 196-з беше утврдено дека одредбите на овој закон не се однесуваат на јавните претпријатија основани од Републиката, а дејноста им е радиодифузна и информативна. Предлогот за директор на МРТВ што го доби ова Собрание е поткрепен од Одделението за персонални и кадровски работи во Владата на Македонија, тоа

евидентно може да се види од предметот што ни е доставен и затоа сметам дека е во спротивност и со тој закон.

Четврто, Предлог - одлуката е во спротивност и со Статутот на МРТВ, Собранието на Република Македонија на 22 март 1990 година донесе Одлука за организирање на работната организација Радио телевизија Скопје како јавно претпријатие, а на 12 јули 1990 година донесе Одлука за давање согласност на Статутот на јавното радиодифузно претпријатие Радио телевизија Скопје денеска МРТВ донесен на референдум на работниците од МРТВ одржан на 31 мај 1990 година.

Имено, во членот 67 од овој статут за кој согласност даде ова Собрание, односно Собранието како законодавен орган се утврдува дека генералниот директор го именува и разрешува од должност основачот по претходно прибавено мислење од Работничкиот совет на МРТВ, а во критериумите и условите што треба да ги исполни кандидатот во членот 68 од овој статут на кој согласност дал Собранието на Република Македонија меѓу другото е кандидатот да понуди програма за работа во мандатниот период во кој се кандидира. Програма од кандидатот ние воопшто не добивме до ден денеска, затоа сметам дека конкурсните услови за утврдување кандидат утврдени со позитивната законска регулатива не се исполнети да ова Собрание денеска да расправа по предложениот кандидат и Одлука.

Петто, против сум именувањето на генерален директор се додека оваа област на радиодифузниот систем и јавното информирање не се уреди со соодветен закон, а за потсетување ова Собрание го прифати заклучокот на Комисијата за општествено - политички систем од 5 октомври 199 3 година кога се изјаснувавме по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузија, поднесен од еден пратеник уште на 21 април 1993 година. Во тој заклучок Собранието констатира дека Владата треба на Собранието да му достави закон за

радиодифузија и закон за јавно информирање со кој целосно ќе се уредат односите во оваа област. За жал, до денеска овој заклучок немаме никаков резултат од страна на Владата. Во меѓувреме Владата знаеше дека е поведена постапка во Уставниот суд од 24 март 19 93 година за оценка на уставноста на Законот за радиодифузија, но исто така со прст не мрдна за да му понуди закони кои ќе ја покријат оваа област. Уставниот суд на 1 ноември 1993 година донесе одлука за укинување на 14 члена како и на Правилникот за начинот на пријавување и одјавување на приемници и за начинот на собирање и плаќање надоместок од Законот за радиодифузија меѓу кои од 1 ноември 1993 година ја укина ТВ и радио претплатата. Конечно Владата спротивно на нејзиното мислење од 2 јули 1993 година и 7 септември 1993 година дека не треба парцијално да се приоѓа кон овие прашања на Собранието на Република Македонија му понуди на 1 декември 1993 година парцијални решенија на Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузија во врска со ТВ претплатата која како точка се најде на 70-та, па на 74-та седница, па еве помина половина година од 1994 година прашањето воопшто не се решава по системот да се остави еден голем радиодифузен систем да пропаѓа за да отпосле некој се најде во улога на спасител.

И на крај секој може да каже дека ова што опозицијата го излагаше од парламентарната говорница не е вистина за што не се сомневам дека владиното мнозинство тоа не ќе може да го констатира со просто гласање, но бидејќи некои не ги служи меморијата да се потсетиме само на неколку работи.

На 27-та седница на Собранието одржана на 3 декември 1991 година во претресот по третата точка за Предлогот за донесување закон за Телегфафска агенција на Македонија ТАМ некои од оние кои сега се во актуелната парламентарна коалиција мислеа и вака и сметам дека

е тоа најдобар коментар за предлогот кој денеска го имаме. Господинот Тито Петковски во своето излагаше кажа: "Апсолутно сум против државни агенции, сите агенции се независни, како што впрочем е и новинарството, ако биде под контрола на државата или како се предлага овде под контрола на Владата, тоа ми мириса на тоталитарен систем, затоа што ние се определивме да градиме демократско општество". (Од страна на опозицијата се аплаудираше и се викаше браво, браво). Од истата седница цитат од излагањето на исто така член на партијата СДС Ристо Станковски кој кажа: "Во Законот е предложено основач да биде Владата, можеби Собранието, тие го бираат и директорот, го бираат тој совет, тука веќе нема никаква независност ако Владата ја плаќа таа куќа, го бира директорот, независноста ќе биде фрлена на крајот на маргините, ќе се работи по диктат на таа Влада или на тоа Собрание според што нема оправданост еден ваков пристап".

Како круна на сето ова е интервјуто на господинот Стојан Андов, претседател на Либералната партија за чиј кандидат денеска би требало да одлучи ова Собрание, дадено за "Борба" на 18 и 19 септември 1993 година и во "Нова Македонија" од 16 октомври каде ги изразуваше своите несогласувања по стратешките прашања помеѓу Либералната партија и СДС дека демократските процеси во Македонија се нарушени бидејќи, цитирам: "Кругови во СДС се ослонуваат на фактот дека СДС има големо влијание во јавните гласила и сакаат тоа да го искористат и да спроведат еднопартиско владеење" (и ова беше пропратено со аплауз). Последиците од тоа се чувствуваат во ова Собрание. Сметам дека ако Петров лаже овие последните треба да им веруваме.

Благодарам.

XII/1.- НН/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Очигледно господинот Петров ги вмешал лончињата бидејќи станува збор за две сосема спротивни работи. Едното, кога станува збор за државна информативна агенција МИА, како што беше предлогот, а сосема друго е јавно информативно средство МРТ. Тоа е како Крали Марко и Телевизија. Толку голема разлика.

И јас тоа го говоревме тоа го мислам и денес. Не сум го променил своето мислење. И ден денес мислам исто така ако основаме македонска информативна агенција која што ќе има функција да ги цензурира информациите од Македонија надвор и од надвор во Македонија тоа е тоталитарен систем. Според тоа и ако имаме единствено јавно средство, информативно, како што имаме во комшилук, добро знаете кој ги контролира средствата за јавно информирање и Телевизија и весниците, исто е тоа тоталитарен систем. Го имате и во нашиот Јужен сосед. Според тоа јас не сакам како граѓанин на оваа држава тоа да го имаме и кај нас. И за тоа се залагаме. Јас тогаш реков, сега ќе повторам ако државата основа агенција која ќе има основна функција да ја контролира инпулацијата на информациите од Македонија надвор и однадвор во Македонија тоа не може да служи во функција на демократијата во оваа држава. Тоа го мислам и сега. Јас своето мислење не сум го променил. Но бидејќи г-динот Петов ми даде шанса немав намера да дискутирам, но да го кажам и ова.

Станува збор за именување на директор на МРТВ. Мене ми е разбирливо што годподата од опозицијата се толку жестоки. Може би јас да сум во таа функција, недај боше да бидам опозиција и јас така ќе говорам. Според тоа мислам дека нема држава во светот, би сакал да слушнам да видам која ќе дава пари за државна телевизија, а некој да ја смета дека е демократска ако постојано ја критикува позицијата, односно

власта. И според тоа и оваа наша Телевизија, и не само телевизија, туку нашите информативни средства се наоѓаат, така да кажам во една интеракција меѓу власта и јавноста од една страна да обезбеди легитимтиет на власта, а впрочем така е и по сите држави во целиот Свет, а од друга страна да обезбеди артикулација на интересите на јавноста. Според тоа, кој ќе успее ,кој систем да направи подобра рамнотежа ќе има подобри демократски односи. А имате држави кои имаат исто и 200 години демократски, парламентарен систем, па пак не можат да направат рамнотежа, затоа што власта секогаш сака тежнее да ги контролира средствата за јавно информирање од една страна а од друга страна да се прикаже пред граѓаните, демократски да живее многу подого и заради тоа дава во средствата за јавно информирање да се артикулираат интереси на граѓаните. Според тоа, г-да кого ние да избереме за директор на МРТВ, неговите функции се точно определени помеѓу овие две спротивности. И сега, како што впрочем сум уверен и во нашето новинарство луѓето се ценат по своите професионални и морални квалитети, колку ја презентираат оваа вистина или невистина од Македонската власт кон граѓаните и колку ги анимираат односно артикулираат интересите на јавноста. Јас не слушна друг предлог освен овој што беше предложен од МРТВ. И тоа опозицијата го поддржа како добар предлог. Во истата ситуација ќе б иде и тој човек зад кој вие застанавте, како што во иста ситуација ќе биде и оваа г-ѓа ако ја изберете. Рамките се утврдени со системот и со Законот, се разбира и со стремежот на македонското општество како што запишавме во Уставот, се залагаме да имаме слободно новинарство. Независно новинарство за мене е тоа флостула и тоа веројатно никаде го нема, затоа што независно новинарство во однос на кого ќе биде од кој ќе биде независна. Според тоа, идеален човек нема, нема ниту идеален новинар, нема ниту идеален директор на МРТВ. Мислам дека овде пред се е направен со Предлогот, по мое убедување, еден добар спој на успешен,

деловен човек и новинар кој бил долги години во Телевизија и колку што видовме од биографски податоци е добитник на врвната награда во новинарството. Според тоа ни сите како Собрание донесувајќи закон и Владата мерки можеме да направиме од Македонија демократска или недемократска средина.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Јас се извинувам, беше посочено со рака, човекот зад кој застанавте вие ќе се најде во иста ситуација. Не знам, зад никој човек ние не сме застанале. Тоа треба да се знае. Ако имало некој поединечен предлог....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие не зборувате процедурално. Вие сега полемизирате со г-дин Петковски.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Па, и ќе се полемизираме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, барајте реплика, не процедурално. Тој вас не ве спомна, не сте вие тој човек.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Покажа на мене.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А, погледна. Навистина не видов каде погледна.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Процедуралното да го кажам.

XII/4.-

Јас уште еднаш ќе станувам процедурално се дотогаш додека претседателот односно заменикот на комисијата за прашања на избори и именување не стане од оваа говорница да каже според која процедурална постапка е изготвена Предлог одлуката за разрешување и избор и што е со мислењето на работничкиот совет на МРТВ. Во тоа мислење е наведено дека тие бараат Комисијата да го разгледа тоа мислење, дали е тоа разгледано. Тоа ми е многу важно мене како пратеник, имам право на тоа за да заземам став по ова прашање. Јас го молам претставникот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е,сега напуштете ја говорницата.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ;:**

Нека стане тој нека каже.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не викате вие , јас ги викам тука. Претседателот ги вика. Не мож ете вие. Одете вие, седнете си.

Да се разбереме на разни пратеници некои работи можеби не им се јасни. Тоа што не им е јасно е проблем на тој пратеник. Тој што е повикан и што го канат овде сам ќе се јави ако се јави. На кој не му е јасно нешто, тоа е негов проблем.

Г-динот Петров процедурално нешто сака да каже.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Не процедурално - реплика на г-динот Петковски. Сакав да му одговорам на излагањето на г-динот Тито Петковски со следното:

За жал, г-динот Петров не ги побрка лончињата, бидејќи лончињата се во ваши раце. Вие ги подметнувате тие лончиња кому како сакате затоа што ги имате во сите бои во секое време, да не кажам вие сте

зимзелени. Меѓутоа, не станува збор за државна агенција и јавно радио дифузно претпријатие за да правиме разлика што е што и што е подметнато. Станува збор за начинот на управување со овие куќи, затоа што и јавното претпријатие МРТВ е државна сосптвеност, не е приватна сопственост. Кај нас тоа е поизразно ако се има предвид дека кога зборуваме за МРТВ зборуваме за монополистичка радио- диофузна куќа која ги поседува предавателите и врските на целата територија на Македонија. Ако таква куќа поседуваше секоја од водечките партии во Македонија, ние немаше да се расправаме на оваа седница на ваков начин. Меѓутоа, нема, а во прашање е година кога треба да се организираат парламентарни избори. И требаше да биде чесна коалицијата и Владата ако веќе сакаат да господарат ида владеат со Македонската РТВ да понудат шема за договор во година на избори помеѓу коалицијата и парламентарната опозиција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сигурно дека тоа ќе биде сторено. Нормално.

(реагирање на пратениците)

Сакам да ви кажам дека и сегашното раководство на телевизијата ме извести дека прават шема. Наскоро ќе ме повикаат на разговор. Тоа е сосема друго прашање.

Има збор г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немам намера на лични навреди да одговорам, меѓутоа бев предизвикан, до г-динот Петров. Јас нема на тој план да му одговорам. Едноставно настојувам во живот да бидам професионалец. А г-динот Петров и сличните како него ако мислат дека се само за една сезона, тоа е нивни проблеми.

XII/6.-

Што се однесува дали е тоа јавно претпријатие во државна сопственост, е и приватно, мислам дека е тоа толку ноторен факт што не треба воопшто да се докажува. И Македонистка телевизија и Агенцијата а дека може да се основаат и приватни радио станици и приватни телевизии и приватни весници исто така тоа не е спорно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како г-динот Петров за реплика,спомнат е.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас не излегов да кажам дека г-динот Петковски е листопаден и за една сезона, туку дека има и други зим-зелени, како што некој мисли дека е, а кој за колку сезони ќе владее во државата, тоа ќе го покажат изборите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, да го оставиме тоа, да не го расправаме овде, на изборите да го видиме.

Има збор г-динот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мое автономно право е кога ќе се јавам за збор, а нанкалку на повик од претходникот.

Како што вие познато до Комисијата за избор и именување, односно до Собранието на РМ беше доставено барање од г-динот Тихомир Илиевски, генерален директор на МРТВ во кое се бара негово разрешување од оваа функција со оглед на тоа што тој заминува на нова должност во Министерството за односи со странство.

Исто така, до Комисијата е доставено и известуваше од Министерството за односи со стрнаство со кое се информира Комисијата дека во најкус можен рок г-динот Тихомир Илиевски треба да премине во

ова Министерство поради заминување на нова должност. Комисијата по опсежна расправа го усвои барањето на г-динот Тихомир Илиевски, а истовремено го утврди предлогот за можен кандидат за генерален директор на МРТВ, кој предлог ви е доставен од страна на Комисијата. Јас ќе набројам едно десеттина факти зошто треба да биде избран директор на МРТВ и можеби некој ќе зажали зошто ме повика на оваа говорница.

Прво, директор на МРТВ треба да се избере затоа што досегашниот директор ма МРТВ оди на нова должност. Според тоа, стариот директор не може да ја обавува истата функција. Според тоа едниот треба да се разреши, а да се даде нов предлог и покрај тоа што опозицијата сака да биде обратно. -Да се разреши стариот директор а нов да не се избере.

Трето, затоа што таква значајна државна и национална институција не може да биде без раководител и покрај вашите желби.

Четврто, затоа што е крајно време да отпочнат процесите на трансформација на оваа Радио-телевизиска куќа за што сносат одговорност и ова Собрание, но и челнците на оваа институција со нивната неинцијативност и комфорно однесување.

Петто, затоа што и покрај наводната неоснованост на забелешките дека постапката не била демократска особено во работата на Комисијата таа постапка е во целосна согласност со сегашните законски одредби и со демократска претходна расправа во Комисијата каде припадниците на опозицијата имаа шанса да предложат и свој кандидат, што впрочем г-динот Котевски и го стори со истакнување на кандидатот Слободан Чашуле. Но, во судниот момент кога требаше да се утврдуваат кандидатите опозицијата ја напушти седницата. Што е тоа друго освен дешператорство.

После тоа, беше побарано согласно Законот и мислење од Работничкиот совет на МРТВ, кое што вас на сите пратеници изворно ви е> поделено во вистинската содржина. Тој предлог не може да влезе во постапка се до оној момент додека не застанат зад него одреден број на пратеници во вид на амандмани.

Шесто, да не заборавиме дека консултации, дополнителни договарања, особено од страна на Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ им беа овозможувани и тоа на два-три пати, по 3-4, 5-6 дена колку бараа се со цел да се додогорат за настап и слично. Мислам дека тоа од тогаш од 10 мај, денес сме 32 мај поминаа скоро 20 и кусур дена мислам дека беше доволно да се договорат. Меѓутоа, очигледно дека она што претходно го кажав дел до опозицијата особено, а може би цела опозиција стои на потребата да се разреши стариот директор, но не да се избере нов. Со други зборов,-да се детронизира оваа куќа до таа мера да згасне нејзиниот национален и државен белег и индиректно економски да се уништи со масовното ненаплакање на претплатата Што, впрочем мислам дека имаше такви повици за бојкот од страна на дискусијата на г-динот Котевски од Битола кој што зборуваше за состојбите во РЕК; кој зборуваше за состојбите на пензионерите и во ова прилика сакам да му кажам дека Битола не е слепо црево заради тоа што нема трет канал на МРТВ, туку е слепо црево заради такви претставници како што е тој во Битола, или неговото општинско Собрание кое што донесе одлука да се укине претплатата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам, треба да внимавате во односот кон пратениците.

XII/9.-

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Сега да укажам уште неколку апсурди и контрадикторности во досегашната дискусија.

Се кажува дека наводно досегашното раководство на МРТВ им служело на досегашниот режим, раководството итн., па сега одеднаш чудно делува како тоа раководство сака да изврши одредени промени во таа МРТВ. Тоа помалку мене не ми е споиво.

Уште еден апсурд. Сите велат дека немаат ништо против личноста Мелкомени Корнети, нејзините стручни и човечки квалитети, ама имаат против затоа што била блиска до една политичка партија. Па, ние не бираме во Парламентот партија, ние бираме една конкретна личност со име и презиме кое што таму ќе работи.

И морам да кажам ни стана банално да повторувам некои работи особено присутни низ дискусиите на некои професионални дискутанти, јас би рекол понекогаш и плукачи кои 3,5 години грчевито се борат во ова Собрание да не се донесат некои клучни државотворни и национални, уставни и политички одлуки. Да не го спомнувам Референдумот, Уставот, приемот во 00Н, кредитните задолжувања, недонесување на Закон за судство, отпори да се формира Судски совет, Уставен суд, избор денешен на националната куќа на МРТВ. Што зборува за еден ваков однос на опозицијата. Кон сите овие судбински државотворни одлуки и акти кои што се битни за македонскиот интерес за македонската казија. Освен како една чудно мотивирана, морам да кажам деструктивна енергија која во последно време ги опфати и нивните највисоки парламентарни партиски редови и не им се гледа крајот.

XII/10.-

На крајот морам да констатирам дека наводните заговарачи за радикални промени во оваа држава на дело се покажуваат како противници на тие промени. А, наводните кочничари за промените на дело се покажуваат како вистински носители на демократските промени во нашето општество и држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ова досега што го слушам од претходникот, такви демагогии слушаме веќе долго време и затоа јас необрнувам никакво внимание. Но, мене ме зачудува нешто сосема друго, после целиот овој циркус односно циркузијада што се одвива за избор на директор на МРТВ вистина сум изненаден и како човек очекував дека таа личност досега ќе испрати телеграма во Собранието и до сите пратеници дека се откажува од таа функција.

XIII/1 сј/вц

**БОРКО ГОРЧЕСКИ**: (продолжение)

Навистина како човек после сето ова укажување јас го очекував и тоа односно ако таа нема таква совест односно демократија во неа за да го стори тоа и сила, тогаш очекував од предлагачот да го направи. Верувај те, така и мислев. Бидејќи тоа не го направив, ова е веќе насилничко влегување во една куќа каде што навистина не е посакуван како гостин односно како директор. Зошто не е посакуван? Некој овде изнесе мислење и од јавноста. Јас ќе го кажам тоа конкретно и за Прилеп односно местото каде што сум биран, толку се револтирани на ваков избор за МРТ, навистина каде што треба да постои една демократија, тие се толку револтирани што навистина со чудење, јас со оние што разговарав најмалку барем 20 или 30 луѓе, еден од нив барем да ми речеше дека ова е правиот избор.

Да го оставиме ова од јавноста да одиме на извештајот од комисијата односно на извештајот на работничкиот совет со кој сите ние од говорницата манипулираме, а никој не го прочита за јавноста каков е тој извештај. Јас, ако ми дозволи претседателот би го прочитал тоа мислење од работничкиот совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој извештај е поделен, а вие имате уште четири минути.

**БОРКО ГОРЧЕСКИ:**

Добро, само ако ми дозволите бидејќи не ми дозволи нема ни да го читам, само што е целта на она што сакав да го кажам. Еден гостин непоканет во една куќа и кога домаќинот не го сака тој насила да појде нагости ми се чини дека тоа не чини.

Истото се случува со истата личност. Јас не знам како таа смета да работи таму во МРТ кога работничкиот совет едногласно односно работничкиот совет е претставник на сите вработени во

телевизијата, тие се претставници и го кажуваат мислењето од вработените. И, кога вработените во телевизијата не ја сакаат, а некој сака да ја наметне, тоа е навистина еден невиден циркус што никаде во светот верувам го нема.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Навистина имавме убава дискусија би рекол, меѓутоа во основа дискусијата требаше да се сведе на она што господинот Стојановски го изнесе на почетокот. Имаме точка на дневен ред разрешуваше и избор на директор на МРТ и јасно е дека треба своето однесување да го прилагодиме на тоа. Едно сакав да укажам дека и од излагањето на претседателот на Комисијата за избор и именувања изостана основно прашање кое што овде на три пати во вид на деловничко прашање се покрена. Дали се почитува законот во предлагањето на кандидатот за директор на МРТ? Остана ова Собрание без одговор, а тоа е дека не е исполнет основниот услов, а тоа е отсуството на програма како визија за работата на директорот на МРТ. Ако немаме програма тогаш имаме манливост и на постапката при предлагањето и изгласаувањето на директорот на МРТ во овој Парламент.

Оттука ценам дека сознанието кога врши избор претходно треба да ги почитува сите услови кои се пропишани во членот 30 од законот како што беше спомнато од господинот Стојановски. Недостасува еден основен услов а тоа е програма и тоа налага дека Собранието за да донесе законита одлука за избор мора да се почитува и тој услов, а тоа е програмата што треба да ја даде кандидатот.

Оттука се наметнува и второто прашање за местото на позицијата во условот. Ако опозицијата укажува на потребата дека и при изборот на раководни функции на носители на јавни функции треба да се почитува и нејзиното мислење со право бидејќи изборот на такви личности го врши

Парламентот каде што опозицијата е присутна и каде таа учествува во гласањето. Оттука воопшто не е издржано укажувањето што беше искажано од оваа говорница дека позицијата е таа која што си обезбедува избор каков што сака. Затоа и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ постојано инсистираше овие 10-15 дена да се направи еден претходен договор за личноста која што треба да биде избрана за директор на МРТ. Никој овде не се искажа против личноста што се предлага. Проблемот е во начинот на кој што се сака да се избере директорот на МРТ. Директорот на МРТ е јасно дека мора да ги застапува интересите на државата, меѓутоа ако имаме една партиска обоеност јасно е дека се доведува под сомнеж токму таа основна функција која што треба да ја извршува без оглед што Уставот утврдува предвидува инструменти со кои што на одреден начин ќе мирува партиската припадност и слично.

Меѓутоа, има една реалност во животот која што се наметнува во овој Парламент, а тоа е дека сепак во работата се почитуваат одредени правила, а во математиката познати, тоа е Законот на мнозинството и во случајот без оглед на сето она што се укажа од опозицијата јасно е дека со основното математичко правило кој има мнозинство ја наметнува својата волја стои дека овој Парламент ќе го користи тоа право и ќе избере директор кој што ќе ја изразува само волјата на позицијата, не и опозицијата.

Од тие причини сметаме дека во дадениот случај со неисполнувањето на основниот услов без програма во која што би учествувала и опозицијата во нејзиното разгледуваше не ќе може да се изврши квалитетен избор на директор на МРТ и дека не ќе може во основа да ги претставува сите граѓани на Македонија согласно основното правило дека пратениците се претставници на граѓаните во Република Македонија.

Јас оттука искажувам и една неспремност пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во однос на овој предлог да учествува во расправата односно во одлучувањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Јакимовски има збор.

(Јакимовски се откажува)

Господин Јакимовски се повлекувате. (да)

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве молам, сега, чекајте, минуваме на гласање.

Го ставам прво предлогот на Тихомир Илиевски за разрешување . (реакција на пратениците во салата)

Ве молам, чекајте, не може тоа, еден по еден оди. Да.

Кој е за предлогот Тихомир Илиевски да биде разрешен.

Овој предлог ќе го ставам прво, а потоа за именувањето.

Ќе гласаме два пати, прво за разрешување на директорот, а потоа за именување. Ова го кажувам за тоа за да може, ако некој пратеник сака нешто да каже во врска со тоа како ќе гласа, да кажат за едното. Немојте да мислите дека нема да се сетам. Ќе се сетам. Прво по едниот, а потоа по другиот предлог.

Господин Стоиле Стојков дали се јавува. (не се јавува).

Господин Стојановски се јавува да објасни како ќе гласа по предлогот за разрешување. Има пет минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако е предлог за разрешување јас не видов од куќата од каде што тој господин треба да биде разрешен дали добива и оди чист за работата што ја обавувал по изборот. (реакција на пратениците)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тишина, тој има право да си каже.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Неговото именуваше траело до 3 декември 1993 година. Останал да врши должност без да даде отчет. Извештај бил должен да даде годишен. Таков извештај не дал и господа ние овде не можеме да го ослободиме и да му дадеме унапредуваше за она што не дал отчет да оди на поголемо место. Ова не е помало, ја претставува државата екстериторијалност на држава Македонија во Шведска треба да биде. Тој претставува држава таму, а ние овде не знаеме дали после неговото назначување на тоа место, ако се утврди без отчет дека господинот направил нешто недозволено, ќе треба да се водат некои постапки. Дали ќе треба да оди на тоа место или не. Зар е потребно да ја ставаме државата на јавен срам поради наше невнимание при разрешување од одредени функции.

Затоа јас не сакам да гласам за разрешување од оваа функција додека не го исполни основниот елемент од статутот на куќата кој е донесен.

Господа овој останал дел од три минути ќе го искористам за ова. Зошто се носат прописите, зошто се пишуваат правилата? Тие се пишуваат и носат луѓето да се вклопат како ќе работат да нема беззаконие, да не се работи на памет, да не се по желба на некој туку да имаме ред како ќе се работи во едно организирано општество. Ние тврдиме и тоа сме, организирана држава, не можеме да не почитуваме закон. И, тие закони штом ги донесуваме ќе мора да ги почитуваме, а не сега мене ми е арно, вака ќе биде, на другиот му е арно така ќе биде без да се води сметка што е право.

Господа сега на крај ќе завршам, пред еден кадија се јавил човек да му каже за штета, ефендија мојата крава е убодена од твојата крава,

е, па, рајо, стока. Не ефендијо, мојата крава ја убоде твојата,чекај да видиме што пишува во ќутукот. Така работите вие господа денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Фаик Абди ќе објасни како ќе гласа по разрешувањето, само по разрешувањето.

**ФАИК АБДИ:**

Јас ќе гласам за предлогот на комисијата односно за разрешување на директорот Тихомир Илиевски заради тоа што ни најмалку не мислам дека тој човек направил некоја лоша работа, заради тоа што освен нас пратениците и одборниците да речам со помали функции никој друг нема имунитет односно и другите што се со имунитет односно секој кој е корисник на општествени средства подлегнува под контрола односно периодични пресметки итн. итн. овде има и директори па и јас некој сум, па и јас сум некој си, и~досега нема такво нешто, па да не му импутираме нешто на човекот.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Ќе гласам за разрешување на генералниот досегашен директор господинот Тихомир Илиевски само затоа што е тоа негово лично барање, никогаш не би гласал во спротивно, а ќе гласам за нов генерален директор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

После тоа. Тоа не е сега Дали има уште некој? (нема)

Кој е за предлогот Тихомир Илиевски да биде разрешен од функцијата генерален директор на радио дифузното претпријатие МРТ, молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

XIII/7

Констатирам дека Тихомир Илиевски е разрешен од функцијата генерален директор на радио дифузното претпријатие МРТ.

Дозволете ми во ваше и во мое име да му се заблагодарам на досегашниот генерален директор на радио дифузното претпријатие МРТ Тихомир Илиевски за досегашната работа.

Сега минуваме на предлогот Мелпомени Корнети да биде именувана за генерален директор.

Господин Стоиле Стојков бара збор да објасни.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници го почитувам своето деловничко право да објаснам како ќе гласам. Поради неприфаќањето на мојот предлог како предизвик за коалицијата претходно донесување на одредени закони со кои ќе се дефинира застапеноста, пред се и условите политичките партии во оваа изборна година да учествуваат во овој медиум односно да бидат застапени на овој медиум, најмоќен медиум што го има македонската држава МРТ, односно пред се македонската телевизија односно неприфаќањето законски да се создадат едни правила на игра кои на некој начин ќе го презентираат сите политички субјекти и програми.

Втора причина, ќе кажам, ќе гласам против, втората причина е тоа што исто така во ова Собрание веќе подолго време се провлекува оној закон, предлог за донесување што господинот Стефковски и јас го понудивме како една алтернатива каде што се предвидува дека граѓаните би требало како јавна давачка да плаќаат еден процент како обврзници по основ на персоналниот данок од доход за јавна давачка односно таа РТВ претплата што значи дека некаде би излегло дека еден пензионер со 3000 денари би плаќал само 30 денари, а не како сега 300 или 400 денари односно стечајните работници, невработените, студентите итн. воопшто не би плаќале. А сега имаме случаи за жал

пензионерите ако не платат навреме дури еве еден случај од Тетово еден господин се обрати дури и затезна камата им наплаќаат, ако не платиме навреме РТВ претплата што е еден апсурд. При услови на укинување на РТВ претплатата односно неуставноста на оваа давачка. Тоа е вториот сегмент.

Овде исто така двајца лидери од опозицијата во стилот симни се тате да се качи бате изнесоа некои работи, меѓутоа јас ум загрижен заради тоа што МРТ едни такви работи не ги анализира односно не ги презентира на јавноста, се надевам и понатаму нема да ги презентира, затоа ќе гласам против, без да понудат некоја алтернатива искажаа и такви работи како она што се нарекува "она што се нарекува македонска нација" замислете никој не забележавте, дали не забележавте она што се нарекува, значи таканаречена македонска нација, тоа е за мене непризнавање на македонската нација. Овде беше изречена пред некој ден кога беше изречен тој збор, а мислев дека е лапсус, меѓутоа денеска беше повторен и тоа од еден лидер на опозицијата.

Вториот лидер на опозицијата овде искажа дека што се сложувам, тоа МРТ, пред се треба да го елаборираат, а тоа е дека полицијата а пред се СДБ ги разбива партиите. Јас наполно се сложувам со оваа констатација, а МРТ не сака да ги елаборира затоа што во денешен Вечер, сведоци сте дека такво нешто има. Има една изјава дека не е господинот Змејковски шпион на господинот Богоевски, туку господинот Слободан Богоевски му е шпион на Змејковски. Оттука произлегува дека навистина некој ја користи СДБ затоа што изјавата е таква, значи ја контролира ќе ги разбива политичките партии, а пред се опозиционите партии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви измина времето.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Затоа ќе гласам против, затоа што едни вакви работи не се елаборираат од МРТ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Заради тоа што низ мојата дискусија можеше да се оцени поинаку затоа што јас кажав доста работи, а јас знам што зборувам, меѓутоа веднаш после тоа бев излезен надвор и една мала конотација со луѓе токму од телевизијата, имам сега сосема поинакво мислење и јас не можам да се согласам со опозицијата, поготово со ова што е кажано овде. Затоа ќе гласам за предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа нормално е дека ќе се разликува мојот став по однос на првиот предлог и од овој сега.

Во правото, покрај другото се познати и кога се одлучува за некои работи, познати се "збирни услови". Терминот збирни услови значи ако со закон, подзаконски акт или со акт на јавно претпријатие е утврдено и е даден начин како и под кои услови ќе се спроведува одредена постапка. Ако било што во таа постапка недостасува, тогаш се нарушува принципот на збирни акти и органот што треба да одлучува не може да одлучи додека не се пополнат сите тие акти да дојдат на свое место.

Во конкретниов случај не е спорно дека немаме програма на кандидатот за периодот за кој учествува, односно е кандидиран. Затоа ние имаме законска пречка и не можеме да одлучуваме.

Меѓутоа, еден од колегите воде ми даде добра идеја да немам одговорност затоа што нема да гласам поради немање на збирните акти,

XIV/2.-

вели - ние во ова Собрание избравме Влада без програма, па ете Владата постои, а камо ли директор на едно јавно претпријатие.

Господа, јас таа Влада не ја гласав. Сега би си рипнал самиот на себе во уста ако оваа госпоѓа ја гласам без програма кога не сум гласал за Влада без програма.

Поради тој континуитет кажувам дека и вториот дел, покрај збирните услови што не ги исполнува законскиот услов, не сакам да гласам за кандидат кој оди по линија на Владата, без програма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, значи нема понатаму.

Кој е за предлогот Мелпомени Корнети да биде именувана за генерален директор на Македонската радио телевизија, молам да крене рака. (62 пратеника).

Дали е некој против? (5 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласањето? (2 пратеника).

Констатирам дека Мелпомени Корнети е именувана за генерален директор на радиодифузното претпријатие Македонската радио телевизија.

На новоизбраниот генерален директор на радиодифузното претпријатие Македонска радио телевизија му честитам и и пожелувам успешна работа.

(Аплауз).

Дневниот ред за Седумдесет и петтата седница е исцрпен, што значи ја заклучувам седницата.

Ве известувам дека утре во 10 часот треба да продолжиме со 74-та седница, таму каде што запревме, законот за избор на пратен

(Седницата заврши со работа во 17,40 часот).